ОПИС НА
ЕВРОПСКАТА
УНИЈА

# Како работи Европската Унија

## Вашиот водич низ институциите на ЕУ



Европска Унија




*Оваа публикација е дел од серијата публикации што на јасен и едноставен јазик објаснуваат што работи ЕУ во областа на одделните политики, зошто таа е вклучена во нив и какви резултати постигнува.*
*Доколку сакате да погледнете кои од овие публикации се достапни и може да се преземат од Интернет, појдете на следната веб-страница:*
**europa.eu/pol/index_en.htm**

**Како работи ЕУ?** ✖
Европа 2020 – стратегијата за економски раст на Европа
Татковците на ЕУ

Земјоделство
Буџет
Климатски промени
Конкуренција
Потрошувачи
Царина
Култура, аудиовизуелна политика, спорт
Развој и соработка
Дигитална агенда
Економската и монетарна унија и еврото
Образование, обука, млади
Вработување и социјални прашања
Енергија
Проширување
Претпријатија
Животна средина
Надворешни работи/Надворешна и безбедносна политика
Надворешна трговија
Борба против измами
Рибарство и поморски прашања
Безбедност на храната
Хуманитарна помош
Внатрешен пазар
Правда, граѓанство, основни права
Миграција и азил
Јавно здравство
Регионална политика
Истражување и иновации
Безбедност и внатрешни работи
Даночна политика
Транспорт

**Опис на Европската Унија —**
**Како работи Европската Унија**

Европска Комисија
Генерален директорат за комуникации
Публикации
1049 Брисел
БЕЛГИЈА

Ракописот е завршен во Јули 2012

Насловна страница: © Luis Pedrosa

40 стр. — 21 × 29.7 cm
978-92-79-29386-3
doi:10.2770/10555

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2012

© Европска Унија, 2012
Репродукција на овој текст е дозволена под услов да се наведе изворот. За репродукција на одделни фотографии, дозвола мора да се побара директно од сопствениците на правата.

Преведено и печатено од Делегацијата на Европска Унија во Поранешна Југословенска Република Македонија од англиски јазик, издание објавено од страна на Канцеларијата за публикации.

ОПИС НА
ЕВРОПСКАТА
УНИЈА

# Како работи Европската Унија

## Вашиот водич низ институциите на ЕУ

# Содржина

Вовед во Европската Унија: како работи, кој што прави? 3

Европскиот парламент: гласот на луѓето 9

Европскиот совет: утврдување на стратегијата 12

Советот: гласот на земјите-членки 14

Европската комисија: претставување на заедничките интереси 19

Националните парламенти: спроведување на супсидијарноста 23

Судот на правдата: примена на правото на ЕУ 24

Европската централна банка: обезбедување стабилност на цените 26

Европскиот ревизорски суд: помош за подобрување на финансискиот менаџмент на ЕУ 29

Европскиот економско-социјален комитет: гласот на граѓанското општество 31

Комитетот на регионите: гласот на локалните власти 33

Европскиот Омбудсман: разгледување на вашите поплаки 34

Европскиот супервизор за заштита на податоците: заштита на вашата приватност 35

Европската инвестициска банка: инвестирање во иднината 36

Агенциите на ЕУ 38



# Вовед во Европската Унија

## Како работи, кој што прави?

### За што зборува оваа публикација?

Оваа публикација е водич за работењето на Европската Унија (ЕУ). Насловот „Како работи ЕУ" се однесува на процесот на донесување одлуки во рамките на ЕУ и на телата што ги носат тие одлуки. Во центарот на процесот на донесување одлуки се наоѓаат институциите на ЕУ – Парламентот, Советот и Европската комисија – за кои најверојатно сте слушнале, но постојат и други институции. За да објасни како работи ЕУ, оваа публикација започнува со опис на процесот на создавање на европските закони, а продолжува со претставување на секоја од институциите на ЕУ, како и на агенциите и телата што ја потпомагаат нејзината работа.

### Европската Унија накратко

Земјите-членки – 27-те земји што се дел од Унијата – и нивните граѓани ја сочинуваат основата на ЕУ. ЕУ е уникатна по тоа што сите нејзини членки се суверени, независни држави што отстапиле дел од својот „суверенитет" со цел да станат посилни и да ги искористат предностите на големината на ЕУ. Отстапувањето на суверенитетот всушност значи дека земјите-членки делегирале дел од своите надлежности за донесување одлуки на заедничките институции што тие самите ги создале со цел одлуките за одделните прашања што се од заеднички интерес да се донесуваат на европско ниво, по демократски пат. Оттаму, ЕУ всушност е систем што се наоѓа некаде помеѓу целосниот федерален систем на Соединетите Американски Држави и системот на лабава меѓувладина соработка на Обединетите нации.

ЕУ постигна многу од нејзиното создавање во 1950 година до денес. Таа изгради единствен пазар на стоки и услуги, кој опфаќа 27 земји и 500 милиони жители, кои се слободни да се движат и да живеат каде што сакаат. Таа ја создаде единствената валута – еврото – кое денес се вбројува меѓу најголемите светски валути и придонесува за подобро функционирање на единствениот пазар. ЕУ, исто така, е најголемиот носител на програмите за развој и хуманитарна помош во светот. Тоа е само дел од досегашните придобивки на ЕУ. Гледајќи кон иднината, ЕУ работи во насока на надминување на тековната економска криза во Европа. Таа е на чело на борбата против климатските промени и нивните последици; со оглед на тоа што таа планира понатаму да се проширува, таа им помага на своите соседи да се подготват за членство во ЕУ и гради заедничка надворешна политика, која има цел да ги шири европските вредности низ целиот свет. Успешната реализација на овие амбиции зависи од способноста да се донесуваат ефикасни и навремени одлуки и да се спроведуваат на дело.

### Спогодбите на ЕУ

Европската Унија е заснована врз владеењето на правото. Тоа значи дека секој чекор што го направила ЕУ се заснова врз спогодбите што се одобрени од сите земји на ЕУ на доброволен и демократски начин. Сите земји-членки преговараат и ги одобруваат спогодбите, кои потоа се ратификуваат во парламентите или по пат на референдум.

Спогодбите ги содржат целите на Европската Унија, правилата за функционирање на институциите на ЕУ, начините за донесување одлуки и односот меѓу ЕУ и нејзините земји-членки. Спогодбите претрпуваат измени секогаш кога на ЕУ ѝ се приклучува некоја нова земја-членка. Понекогаш, тие се менуваат со цел да се овозможи



© ImageGlobe

*На 9 мај 1950 година, францускиот министер за надворешни работи Роберт Шуман за првпат јавно ги предложи идеите кои се основата на денешната Европска Унија. Затоа, 9 мај се слави како роденден на ЕУ.*

реформа на институциите на Европската Унија или со цел да ѝ се доделат нови надлежности на ЕУ.

Последната изменета спогодба – Лисабонската спогодба – беше потпишана на 13 декември 2007 година, а стапи во сила на 1 декември 2009 година. Претходните спогодби сега се дел од консолидираната верзија, која се состои од Спогодбата за Европската Унија и Спогодбата за функционирањето на Европската Унија.

Спогодбата за стабилност, координација и управување на Економската и монетарна унија е меѓувладина спогодба што, во март 2012 година, ја потпишаа сите земји-членки освен Република Чешка и Обединетото Кралство. Таа беше подготвена со цел да се поттикне буџетската дисциплина, да се зајакне координацијата на економските политики и да се подобри управувањето на еврозоната. Во моментов 17 земји на ЕУ го користат еврото како своја валута.

Спогодбата често се нарекува „фискален компакт" и ќе стапи во сила на 1 јануари 2013 година доколку 12 членки на еврозоната ја ратификуваат до тој датум.

Оваа спогодба не е спогодба на ЕУ, туку меѓувладина спогодба за која се планира да стане дел од законодавството на ЕУ.



© ImageGlobe

*ЕУ функционира врз основа на спогодбите за чија содржина се договараат сите земји-членки – најновата верзија беше потпишана во Лисабон во 2007 година.*

## Историјат на спогодбите за ЕУ

*Кога во 1950 година францускиот министер за надворешни работи предложи обединување на западноевропските индустрии за јаглен и челик, неговите идеи беа вклучени во Спогодбата од Париз, која беше потпишана следната година, а предвесникот на ЕУ – Европската заедница за јаглен и челик беше родена. Оттогаш, ЕУ редовно ги ажурираше и надополнуваше спогодбите со цел да овозможи ефикасно креирање на своите политики и ефикасно донесување одлуки:*

- *Спогодбата од Париз, со која беше основана Европската заедница за јаглен и челик, беше потпишана во Париз на 18 април 1951 година, а стапи во сила во 1952 година. Нејзината валидност заврши во 2002 година.*
- *Спогодбите од Рим, со кои беа основани Европската економска заедница (ЕЕЗ) и Европската заедница за атомска енергија (Евроатом), беа потпишани во Рим на 25 март 1957 година, а стапија во сила во 1958 година.*
- *Единствениот европски акт (ЕЕА) беше потпишан во февруари 1986 година, а стапи во сила во 1987 година. Со него беше изменета Спогодбата за ЕЕЗ и тој го отвори патот за заокружување на единствениот пазар.*
- *Спогодбата за Европската Унија (ЕУ) – Спогодбата од Мастрихт – беше потпишана во Мастрихт на 7 февруари 1992 година, а стапи во сила во 1993 година. Со неа беше основана Европската Унија, на Парламентот му беше доделена поголема улога во донесувањето одлуки и беше предвидена соработка во областа на неколку нови политики.*
- *Спогодбата од Амстердам беше потпишана на 2 октомври 1997 година, а стапи во сила во 1999 година. Со неа беа изменети претходните спогодби.*
- *Спогодбата од Ница беше потпишана на 26 февруари 2001 година, а стапи во сила во 2003 година. Нејзината цел беше да се подобри институционалното функционирање на ЕУ по приемот на новите земји-членки во 2004 година.*
- *Спогодбата од Лисабон беше потпишана на 13 декември 2007 година, а стапи во сила во 2009 година. Таа ги поедностави методите за работа и правилата за гласање, ја создаде функцијата Претседател на Европскиот совет и воведе нови структури со цел ЕУ да стекне помоќна улога на глобалната сцена.*



## Кој ги донесува одлуките?

Донесувањето на одлуките на ниво на ЕУ вклучува неколку европски институции:

- **Европскиот парламент**, кој ги претставува граѓаните на ЕУ и чии пратеници тие самите директно ги избираат;
- **Европскиот совет**, кој се состои од шефовите на држави или влади на земјите-членки на ЕУ;
- **Советот**, кој ги претставува владите на земјите-членки на ЕУ;
- **Европската комисија**, која ги претставува интересите на ЕУ како целина.

Европскиот совет ги дефинира општите политички насоки и приоритети на ЕУ, но тој нема законодавна улога. Најчесто Европската комисија предлага нови закони, коишто ги усвојуваат Европскиот парламент и Советот. Потоа спроведувањето на законите е во рацете на земјите-членки и на Комисијата.

## Какви видови закони постојат?

Постојат неколку вида правни акти, кои се применуваат на различни начини:

- **Регулатива** е закон што се применува директно во секоја од земјите-членки и е обврзувачка за нив. Земјите-членки не мора да ги вклучат регулативите во своите национални закони, иако понекогаш таквите измени се неопходни со цел да се избегне можниот конфликт меѓу нив.
- **Директива** е закон што е обврзувачки за сите земји-членки, или за група земји-членки, а нејзината намена е да се постигне одредена цел. Најчесто директивите мора да се вклучат во националното законодавство за да можат да ги постигнат посакуваните резултати. Она што е важно е дека со директивата се одредува резултатот што треба да се постигне, а како тој ќе се постигне зависи од секоја од одделните земји-членки.
- **Одлука** може да се однесува на земјите-членки, на група луѓе или дури и на индивидуални лица. Таа е целосно обврзувачка. Одлуките се користат, на пример, кога станува збор за предлог за спојување неколку компании.
- **Препораките** и **мислењата** не се обврзувачки.

## Како се донесуваат законите?

Секој европски закон се заснова врз некој одреден член од Спогодбата, кој се нарекува „правна основа" на законот. Преку неа се одредува која законска постапка треба да се следи. Таа го дефинира процесот на донесување одлуки, вклучувајќи ги предлозите на Комисијата, читањата од страна на Советот и на Парламентот, како и мислењата на советодавните тела. Спогодбата утврдува кога е неопходна едногласност, а кога е доволно квалификуваното мнозинство за Советот да усвои одреден закон.

Поголем дел закони на ЕУ се усвојуваат со „вообичаена законодавна постапка". При оваа постапка, Парламентот и Советот ја споделуваат законодавната моќ.

Постапката започнува со Комисијата. Кога размислува за доставување одреден предлог, Комисијата често сака да го слушне мислењето на владите, бизнисите, организациите од граѓанскиот сектор и индивидуалните лица. Комисијата ги вклучува овие мислења во својот предлог до Советот и до Парламентот.



© Heide Benser/Corbis

*Слободата за сите граѓани да патуваат, живеат и работат во сите 27 земји-членки на ЕУ е една од најголемите придобивки на Европската Унија.*

**ВООБИЧАЕНА ЗАКОНОДАВНА ПОСТАПКА**

1. Предлог од Комисијата.

2. Мислења на националните парламенти.

3. Мислења на Европскиот економско-социјален комитет и/или Комитетот на регионите (кога е неопходно).

ПРВО ЧИТАЊЕ

4. Прво читање од страна на Европскиот парламент: Парламентот ја усвојува својата позиција (измени и дополнувања).

5. Комисијата може да го измени својот предлог.

6. Прво читање од страна на Советот (*).

7. Советот ја одобрува позицијата на Парламентот. **Актот е усвоен.**

8. Советот и Парламентот не се согласуваат со измените и дополнувањата. Советот ја усвојува својата позиција при првото читање.

ВТОРО ЧИТАЊЕ

9. Второ читање од страна на Парламентот: Парламентот ја одобрува позицијата на Советот при првото читање – **актот е усвоен** при „почетното второ читање" – или предлага измени и дополнувања.

10. Мислење на Комисијата за измените и дополнувањата на Парламентот.

11. Второ читање од страна на Советот (*).

12. Советот ги одобрува сите измени и дополнувања на Парламентот на позицијата на Советот при првото читање. **Актот е усвоен.**

13. Советот и Парламентот не се согласуваат со измените и дополнувањата на позицијата на Советот при првото читање.

УСОГЛАСУВАЊЕ

14. Се свикува Комитетот за усогласување.

15. Комитетот за усогласување постигнува договор за заеднички текст.

16. Парламентот и Советот се согласуваат со предлогот на Комитетот за усогласување и **актот е усвоен**.

17. Парламентот и/или Советот не се согласуваат со предлогот на Комитетот за усогласување и **актот не е усвоен**.

(*) Советот ја усвојува својата позиција со квалификувано мнозинство (спогодбите дозволуваат едногласност само во одреден број исклучителни области). Но доколку Советот сака да го отфрли предлогот/мислењето на Комисијата, тој едногласно ја усвојува својата позиција.



Таа го доставува својот предлог по иницијатива на Советот, Европскиот совет, Парламентот или на европските граѓани, или пак по своја сопствена иницијатива.

И Советот и Парламентот го читаат доставениот предлог и дискутираат за него. Доколку не се постигне никаков договор и по неговото второ читање, предлогот се доставува до „комитетот за усогласување", кој се состои од подеднаков број претставници на Советот и на Парламентот. На тие состаноци присуствуваат и претставници на Комисијата, кои земаат активно учество во дискусиите. Веднаш штом комитетот постигне договор, усогласениот текст се испраќа на трето читање кај Парламентот и Советот, за да може да се усвои како закон. Во повеќето случаи Парламентот гласа за предлозите со просто мнозинство, а Советот со квалификувано мнозинство, при што секоја од земјите-членки има одреден број гласови зависно од нејзината големина и број на жители. Во некои случаи е неопходна едногласност во Советот.

## Специјални постапки

Постојат специјални законодавни постапки во зависност од темата на предлогот. Кај **постапката на консултација**, од Советот се очекува да се консултира со Парламентот за одреден предлог на Комисијата, но тој не мора да го прифати советот на Парламентот. Оваа постапка се користи само во неколку области, какви што се некои даночни ослободувања во рамките на внатрешниот пазар и Законот за конкурентност. Кај **постапката на согласност**, Парламентот може да прифати или да одбие одреден предлог, но не смее да предложи негови измени. Оваа постапка може да се користи тогаш кога предлогот се однесува на одобрување на некој меѓународен договор. Постојат многу мал број случаи кога Советот и Комисијата, или само Комисијата, можат да усвојат некој закон без да го консултираат Парламентот.

## Кој е консултиран, кој може да приговара?

Покрај триаголникот Комисија-Совет-Парламент, постојат и други советодавни тела што мора да бидат консултирани тогаш кога предложените закони се однесуваат на областите што тие ги покриваат. Дури и доколку не се прифати нивниот совет, консултацијата со нив придонесува за зајакнување на демократската контрола врз законодавниот процес на ЕУ.

Тие тела се следниве:

- **Европскиот економско-социјален комитет**, кој претставува групи од граѓанскиот сектор, какви што се работодавачите, синдикатите и социјалните интересни групи;
- **Комитетот на регионите**, кој овозможува да се слушне гласот на локалните и на регионалните власти.

И други институции и тела може да бидат консултирани тогаш кога предложените закони се однесуваат на областите што тие ги покриваат. На пример, Европската централна банка би очекувала да биде консултирана за предлози што се однесуваат на економски или на финансиски прашања.

### Учеството на граѓаните

*По пат на „европската граѓанска иницијатива", 1 милион европски граѓани од најмалку една четвртина од земјите на ЕУ може да побараат од Комисијата да достави предлог-закон за одредено прашање. Комисијата внимателно ги разгледува сите иницијативи што спаѓаат во нејзината надлежност, а кои ја имаат поддршката од 1 милион граѓани. За овие иницијативи се организира презентација во Парламентот. Ваквите иницијативи може да влијаат врз работата на институциите на ЕУ или врз јавната дебата.*



© Bernd Vogel/Corbis

*Граѓаните сега можат да предлагаат нови закони преку европската граѓанска иницијатива.*

## Национална контрола

Националните парламенти ги добиваат нацрт-законите во исто време кога и Европскиот парламент и Советот. Тие може да го дадат своето мислење за да овозможат донесувањето на одлуките да се одвива на највисоко можно ниво. Постапките на ЕУ подлежат на принципот на **супсидијарност** – што значи дека, со исклучок на областите во кои има ексклузивна надлежност, Унијата дејствува само тогаш кога постапките ќе бидат поуспешни на ниво на ЕУ отколку на национално ниво. Затоа националните парламенти контролираат дали овој принцип правилно се применува во донесувањето на одлуките во рамките на ЕУ.

## Какви одлуки се донесуваат?

Спогодбите даваат преглед на политиките во чии рамки ЕУ може да донесува одлуки. Во некои политики ЕУ има ексклузивна надлежност, што значи дека одлуките во тие области се донесуваат на ниво на ЕУ, од страна на земјите-членки што се среќаваат во Советот или во Европскиот парламент. Овие политики ги опфаќаат следниве области: царина, правила за конкурентност, монетарна политика за еврозоната и заштита на рибите и на трговијата.

Во некои други области надлежноста за донесувањето на одлуките е поделена меѓу Унијата и земјите-членки. Тоа значи дека доколку законите се донесуваат на ниво на ЕУ, тие имаат приоритет. Но доколку не се донесе ниту еден закон на ниво на ЕУ, одделните земји-членки може да ги донесуваат законите на национално ниво. Поделената надлежност се применува во рамките на многу политики, какви што се единствениот пазар, земјоделството, животната средина, заштитата на потрошувачите и транспортот.

Во сите други области надлежноста останува во рацете на земјите-членки. Така, доколку некоја политика не е спомената во некоја од спогодбите, Комисијата не може да предлага закони поврзани со неа. Но во некои области, какви што се вселената, образованието, културата и туризмот, Унијата може да им помогне на земјите-членки во нивните потфати за донесување закони. Додека, пак, во други области, какви што се прекуморската помош и научните истражувања, ЕУ во истовреме спроведува програми за хуманитарна помош.

## Економска координација

Сите земји на ЕУ се дел од Економската и монетарна унија (ЕМУ), што значи дека тие ги координираат своите економски политики, а економските одлуки ги сметаат за прашање од заеднички интерес. Ниту една институција во рамките на ЕМУ не е самостојно одговорна за општата економска политика. Овие надлежности се поделени меѓу земјите-членки и институциите на ЕУ.

Монетарната политика – која се однесува на стабилноста на цените и на каматните стапки – е независно управувана од страна на Европската централна банка (ЕЦБ) во еврозоната, т.е. во оние 17 земји што го користат еврото како своја валута.

Фискалната политика – која се однесува на одлуките во областа на даноците, трошењето и позајмувањето – е во надлежност на владите на 27-те земји-членки. Таков е случајот и со политиките за труд и социјална заштита. Сепак, со оглед на тоа дека фискалните одлуки донесени од страна на една земја-членка на еврозоната може да влијаат врз целата еврозона, тие одлуки мора да бидат во согласност со правилата што се утврдени на ниво на ЕУ. Оттаму, координацијата на јавните финансии и структурните политики е неопходна за да може ЕМУ да функционира успешно и да осигури стабилност и економски раст. Економската криза што започна во 2008 година ја истакна потребата да се зајакне економското управување во ЕУ и во еврозоната, по пат на потесна координација на економската политика, мониторинг и супервизија.

Советот ги следи јавните финансии и економските политики на земјите-членки и им дава разни препораки врз основа на предлози на Комисијата. Тој може да препорача мерки за приспособување и да ги казни оние земји од еврозоната што не преземаат поправни мерки за намалување на превисокото ниво на дефицит и задолженост.За управувањето на еврозоната и за поголемите економски реформи се дискутира и на евросамитите, каде што се среќаваат шефовите на држави или влади на земјите од еврозоната.

## ЕУ и надворешните односи

Односите со земјите надвор од ЕУ се во надлежност на Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, кој е назначен од страна на Европскиот совет, а истовремено е и Потпретседател на Европската комисија. На ниво на шефови на држави или влади Унијата е претставена од страна на Претседателот на Европскиот совет.

Службата за европската надворешна политика (ЕЕАС) служи како министерство за надворешни работи и дипломатска служба на Унијата под раководство на Високиот претставник. Таа се состои од експерти на Советот, на земјите-членки и на Европската комисија.

Советот подготвува и донесува одлуки во областа на надворешната и безбедносна политика на ЕУ врз основа на насоките утврдени од страна на Европскиот совет. Комисијата, од друга страна, е надлежна за трговијата со земји што не се членки на ЕУ и за нивното финансирање, преку хуманитарната помош или помошта за развој. Комисијата, исто така, ја претставува Унијата во сите области во кои ЕУ е надлежна, а кои не се однесуваат на надворешната и безбедносна политика.



# Европскиот парламент

## Гласот на луѓето

**Улога:** директно избрана законодавна рака на ЕУ
**Членови:** 754 члена на Европскиот парламент
**Седиште:** Стразбур, Брисел и Луксембург
▶ **www.europarl.eu**

Членовите на Европскиот парламент се директно избрани од страна на граѓаните на ЕУ за да ги претставуваат нивните интереси. Изборите се одржуваат на секои пет години и сите граѓани над 18 години (во Австрија над 16) – околу 375 милиони – имаат право на глас. Парламентот се состои од 754 члена, кои доаѓаат од сите земји-членки.

Официјалното седиште на Европскиот парламент е во Стразбур (Франција), иако оваа институција има три места на работа: Стразбур, Брисел (Белгија) и Луксембург. Главните состаноци на целиот состав на Парламентот, познати како „пленарни седници", се одржуваат во Стразбур, 12 пати во текот на една година. Другите пленарни седници се одржуваат во Брисел. Состаноците на одделните комитети, исто така, се одржуваат во Брисел.

## Состав на Европскиот парламент

Местата во Европскиот парламент се распределени меѓу земјите-членки врз основа на нивниот удел во вкупниот број на населението во ЕУ.

Хрватска ќе стане 28-та земја-членка на Европската Унија на 1 јули 2013 година. Со влегувањето на Хрватска во ЕУ, 12 нејзини пратеници ќе му се приклучат на Европскиот парламент до истекот на неговиот сегашен мандат. На парламентарните избори во 2014 година вкупниот број на пратениците ќе изнесува 751.

Повеќето членови на Европскиот парламент се поврзани со некоја национална политичка партија во својата матична земја. Националните партии во Европскиот парламент се групираат во политички групации на ниво на ЕУ и повеќето пратеници им припаѓаат на овие групации.

БРОЈ НА ПРАТЕНИЧКИ МЕСТА ПО ЗЕМЈА-ЧЛЕНКА ВО 2012 ГОДИНА

| земја-членка | број на пратенички места | земја-членка | број на пратенички места |
|---|---|---|---|
| Австрија | 19 | Летонија | 9 |
| Белгија | 22 | Литванија | 12 |
| Бугарија | 18 | Луксембург | 6 |
| Кипар | 6 | Малта | 6 |
| Република Чешка | 22 | Холандија | 26 |
| Данска | 13 | Полска | 51 |
| Естонија | 6 | Португалија | 22 |
| Финска | 13 | Романија | 33 |
| Франција | 74 | Словачка | 13 |
| Германија | 99 | Словенија | 8 |
| Грција | 22 | Шпанија | 54 |
| Унгарија | 22 | Шведска | 20 |
| Ирска | 12 | Обединетото Кралство | 73 |
| Италија | 73 | **ВКУПНО** | **754** |

**БРОЈ НА ПРАТЕНИЦИ ВО СЕКОЈА ПОЛИТИЧКА ГРУПА ПО АПРИЛ 2012 ГОДИНА**




## Што работи Европскиот парламент?

Парламентот има три главни улоги:

1. Со Советот ги споделува надлежностите за донесување закони. Фактот што Парламентот е тело директно избрано од народот придонесува за гарантирање на демократскиот легитимитет на европските закони.

2. Парламентот врши демократска супервизија врз сите институции на ЕУ, а особено врз Комисијата. Тој има моќ да ги одобрува или да ги одбива номинациите за Претседател на Комисијата или комесарите и има право да ѝ изгласа недоверба на целата Комисија.

3. Парламентот ги споделува своите надлежности за буџетот на ЕУ со Советот, што му овозможува да влијае врз трошењето на финансиските средства во ЕУ. На крајот на постапката за усвојување на буџетот, тој го усвојува или го одбива буџетот во целина.

Овие три улоги се подетално прикажани во текстот што следува.

### 1. НАДЛЕЖНОСТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОНИ

Најраспространетата постапка за усвојување на законите на ЕУ се нарекува „вообичаена законодавна постапка" – која е позната и како „постапка на соодлучување". Преку неа Европскиот парламент и Советот се на исто рамниште, а законите донесени со оваа постапка претставуваат заеднички акти на Советот и на Парламентот. Оваа постапка се користи за повеќето закони во ЕУ што опфаќаат разни видови области какви што се: правата на потрошувачите, заштитата на животната средина и транспорт. Согласно со вообичаената законодавна постапка, Комисијата подготвува предлог што мора да биде усвоен и од Парламентот и од Советот. Согласноста на Парламентот е неопходна за сите меѓународни договори во областите што се опфатени со вообичаената законодавна постапка.

Парламентот мора да биде консултиран и за низа други предлози, а неговото одобрување се бара за сите поважни политички и институционални одлуки, какви што се: актите за социјална безбедност и заштита, даночните одредби во областа на енергијата и усогласувањето на данокот на промет и индиректното оданочување. Парламентот, исто така, го поттикнува подготвувањето нови закони преку испитување на годишната работна програма на Комисијата, земајќи предвид кои нови закони би биле соодветни и барајќи од Комисијата да дава нови предлози.

### 2. НАДЗОРНИ НАДЛЕЖНОСТИ

Парламентот врши демократски надзор врз другите европски институции. Тој тоа го прави на неколку начини. Прво, секогаш кога се назначува новиот состав на Комисијата, Парламентот ги интервјуира сите потенцијални нови членови на Комисијата, како и Претседателот на Комисијата (номинирани од страна на земјите-членки). Тие не може да бидат назначени без одобрување на Парламентот.

Второ, Комисијата политички му одговара на Парламентот. Тој може да изгласа недоверба на Комисијата и со тоа да ја принуди да поднесе оставка. На поопшто ниво, Парламентот врши надзор преку редовно разгледување на извештаите што Комисијата му ги испраќа и преку поставување писмени и усни прашања.

Комесарите присуствуваат на пленарните седници на Парламентот и на состаноците на парламентарните комисии. Парламентот, исто така, одржува редовен дијалог со Претседателот на Европската централна банка за прашања поврзани со монетарната политика.




© EU

*Мартин Шулц беше избран за Претседател на Европскиот парламент во 2012 година.*

Парламентот ја надгледува и работата на Советот: европските пратеници редовно му поставуваат на Советот писмени и усни прашања, а претставници на Претседателството на Советот присуствуваат на пленарните седници и учествуваат во важните дебати. За некои политики, вклучувајќи ја и заедничката надворешна и безбедносна политика, Советот има исклучива моќ за донесување одлуки. Сепак, Парламентот тесно соработува со Советот за прашања од овие области.

Парламентот, исто така, може да врши демократски надзор по пат на разгледување на петициите од граѓаните и да формира посебни комисии за истрага.

Парламентот има свој удел во секој самит на ЕУ (состаноците на Европскиот совет). На отворањето на секој самит Претседателот на Парламентот е поканет да ги пренесе гледиштата и загриженоста на Парламентот за најактуелните прашања, како и за прашањата што се на агендата на Европскиот совет.

### 3. НАДЛЕЖНОСТИ ВРЗ БУЏЕТОТ

Парламентот и Советот на Европската Унија заедно одлучуваат за годишниот буџет на ЕУ. Парламентот за него дебатира по две последователни читања, а буџетот не може биде одобрен сè додека не добие потпис од Претседателот на Парламентот.

Комисијата за буџетска контрола на Парламентот го надгледува трошењето на буџетот. Парламентот секоја година го одобрува раководењето на Комисијата со буџетот за претходната финансиска година. Овој процес на одобрување е познат под техничкиот назив „давање дозвола".

## Како работи Парламентот?

Парламентот го избира својот Претседател со мандат од две и пол години. Претседателот го претставува Парламентот пред другите институции, како и пред надворешниот свет, а нему му помагаат 14 Потпретседатели. Претседателот на Европскиот парламент, заедно со Претседателот на Советот, ги потпишува сите законски акти веднаш по нивното усвојување.

Работата на Парламентот е поделена во две главни фази:

- Подготовка на пленарните седници: тоа го прават пратениците што членуваат во 20-те парламентарни комисии, кои се специјализирани во одредени области во чии рамки дејствува ЕУ. На пример, Комисијата за економски и монетарни прашања или Комисијата за меѓународна трговија. И политичките групи дискутираат за прашањата за кои се води дебата.

- Пленарните седници: пленарните седници, на кои присуствуваат сите пратеници, најчесто се одржуваат во Стразбур (секој месец, со времетраење од една недела). Понекогаш во Брисел се одржуваат дополнителни седници. На пленарните седници Парламентот ги разгледува предложените закони и гласа за амандманите пред да донесе одлука за целосниот текст на законите. Другите теми на неговата агенда може да се однесуваат на „информациите" или прашањата на Советот или Комисијата за актуелните случувања во ЕУ или пошироко во светот.

# Европскиот совет

## Утврдување на стратегијата

**Улога:** ги дефинира политичките насоки и приоритети

**Членови:** шефовите на држави или влади на секоја земја-членка, Претседателот на Европскиот совет и Претседателот на Европската комисија

**Седиште:** Брисел

▶ **european-council.europa.eu**

Европскиот совет ги обединува највисоките политички лидери на ЕУ, т.е. премиерите и Претседателите, заедно со неговиот Претседател и Претседателот на Комисијата. Тие се среќаваат најмалку четири пати годишно со цел да ги одредат генералните политички насоки и приоритети на ЕУ. На состаноците учествува и Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика.

### Што прави Европскиот совет?

Како самит на шефовите на држави или влади на сите земји на ЕУ, Европскиот совет го претставува највисокото ниво на политичка соработка меѓу земјите-членки. На нивните состаноци, лидерите консензуално одлучуваат за генералните насоки и приоритети на Унијата и го даваат неопходниот поттик за нејзиниот развој.

Европскиот совет не усвојува закони. На крајот на секој состанок тој донесува „заклучоци“, кои ги содржат сите главни пораки што произлегле од неговите дискусии и сите донесени одлуки и начинот на кој тие ќе се спроведуваат. Заклучоците ги одредуваат позначајните прашања што ќе ги разгледува Советот, т.е. ќе се разгледуваат на состаноците на министрите. Тие можат да ја повикаат и Комисијата да даде предлози за некој одреден проблем или нова можност за Унијата.

Состаноците на Европскиот совет по правило се одржуваат најмалку два пати на секои шест месеци. Дополнителни (вонредни или неформални) состаноци може да бидат свикани со цел да се дискутира за одредени итни прашања за кои треба да се донесе одлука на највисоко ниво, како на пример во областа на економските работи или надворешната политика.

### Претседател на Европскиот совет

Функционирањето на Европскиот совет е координирано од страна на неговиот Претседател, кој е одговорен за свикување и водење на состаноците на Европскиот совет, како и за спроведувањето на неговата работа.

Претседателот на Европскиот совет ја претставува Унијата во надворешниот свет. Заедно со Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, тој или таа ги претставува интересите на Унијата во областа на надворешните работи и безбедноста.

Претседателот е избран од страна на Европскиот совет со мандат од две и пол години и можност за еден реизбор. Претседателствувањето на Европскиот совет бара целосно работно време, Претседателот не може во исто време да има функција во својата држава.

### Како Европскиот совет ги донесува своите одлуки?

Повеќето свои одлуки Европскиот совет ги донесува по пат на консензус. Но во неколку случаи се применува квалификувано мнозинство, како на пример при изборот на неговиот Претседател или назначувањето на Комисијата и на Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика.

Во случаите кога Европскиот совет ги донесува своите одлуки по пат на гласање, може да гласаат само шефовите на држави или на влади.

### Секретаријат

На Европскиот совет му помага Генералниот секретаријат на Советот.



### Евросамит

Надвор од Европскиот совет, шефовите на држави или влади на земјите што го користат еврото, исто така се среќаваат најмалку два пати годишно, заедно со Претседателот на Европската комисија. Претседателот на Европската централна банка, исто така, е поканет на овие евросамити. На нив може да биде поканет да присуствува и Претседателот на Европскиот парламент.

Овие состаноци претставуваат можност да се дискутира за управувањето на еврозоната, како и за поголемите реформи во областа на економската политика. Евросамитот формално е основан со Спогодбата за стабилност, координација и управување на економската и монетарна унија, која беше потпишана од страна на 25 земји-членки во 2012 година, а која се очекува да стапи во сила во 2013 година. Претседателот на евросамитот е назначен од страна на шефовите на држави или влади на земјите што се членки на еврозоната. Неговото назначување се врши истовремено со назначувањето на Претседателот на Европскиот совет, а нивните мандати имаат исто времетраење. Едно лице може да ги врши двете функции.

Во некои случаи лидерите на земјите што ја ратификувале Спогодбата за стабилност, координација и управување на економската и монетарна унија, а не го користат еврото како своја валута, исто така, учествуваат во дискусиите на Евросамитот. Во оние случаи, пак, кога овие земји не можат да присуствуваат на состаноците, Претседателот на Евросамитот целосно ги информира нив и другите земји-членки на ЕУ за подготовките и за резултатите од овие самити.


© EU

*Како Претседател на Европскиот совет, Херман Ван Ромпуј претседава со самитите на ЕУ.*

### Забуната со советите: кој е кој?

*Многу е лесно да дојде до забуна околу одделните европски тела – особено кога телата што многу се разликуваат меѓу себе имаат многу слични имиња, како на пример следниве три „совети“.*

▸ **Европскиот совет**

*Европскиот совет го сочинуваат шефови на држави или на влади (т.е. Претседатели и/или премиери) на сите земји на ЕУ, заедно со неговиот Претседател и Претседателот на Комисијата. Тој е највисокото политичко тело на Европската Унија и затоа неговите состаноци често се нарекуваат „самити“.*

▸ **Советот**

*Позната и како Совет на министри, оваа институција се состои од министрите на владите на сите земји на ЕУ. Советот редовно се состанува со цел да донесува детални одлуки и да ги усвојува европските закони.*

▸ **Советот на Европа**

*Ова тело воопшто не е институција на ЕУ. Советот на Европа е меѓувладина организација чија цел е да ги заштити човековите права, демократијата и владеењето на правото. Тој беше основан во 1949 година, а еден од неговите први резултати е подготвувањето на Европската конвенција за човекови права. Советот на Европа го основа Европскиот суд за човекови права за да им овозможи на граѓаните да ги практикуваат своите права предвидени со Конвенцијата. Советот на Европа денес има 47 земји-членки, вклучувајќи ги и сите земји на ЕУ, а неговото седиште е во Стразбур, Франција.*

# Советот

## Гласот на земјите-членки

**Улога:** решава за политиките и усвојува закони
**Членови:** еден министер од секоја земја-членка
**Седиште:** Брисел и Луксембург
▶ **consilium.europa.eu**

Во рамките на Советот, министрите на земјите-членки на ЕУ се среќаваат за да дискутираат за прашања поврзани со ЕУ, за да донесат одредени одлуки и да усвојуваат закони. Министрите што присуствуваат на овие состаноци имаат моќ да ги обврзат своите влади да ги спроведат активностите што се договорени на состаноците на Советот.

### Што прави Советот?

Советот ја има главната улога во донесувањето на одлуките во рамките на ЕУ. Неговата работа се извршува на состаноците на Советот, на кои присуствува по еден министер од секоја национална влада на ЕУ. Целта на овие собири е да се дискутира и да се постигнува договор за законите, да се предлагаат нивни измени и, на крајот, тие да се усвојуваат; да се координираат политиките на земјите-членки; или да се утврдува надворешната политика на ЕУ.

Присуството на одделните министри на различните состаноци на Советот зависи од темата на агендата – што е познато како „конфигурација" на Советот. Доколку, на пример, Советот треба да дискутира на теми поврзани со животната средина, на состанокот присуствуваат министрите за животна средина од секоја земја-членка на ЕУ и тој совет се нарекува „Совет за животна средина", или „Совет за економски и финансиски прашања", или „Совет за конкурентност", и така натаму.

Претседателствувањето на Советот ротира меѓу сите земји-членки на секои шест месеци. Тоа се разликува од Претседателот на Европскиот совет. Владата што го има Претседателството е одговорна за организирање и водење на одделните состаноци на Советот. Единствен исклучок е Советот за надворешни работи, кој го води Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, а е надлежен за надворешната политика од името на Советот.

Во интерес на континуитетот на работата на Советот, шестмесечните Претседателства соработуваат во групи од по тројца. Овие тимови, составени од трите последователни Претседателства („тројка"), ја подготвуваат заедничката програма на Советот за период од 18 месеци.



© imago/Xinhua/Reporters

*Земјите на ЕУ договорија стратегија „Европа 2020" за тоа како да се надмине економската криза преку мудар, одржлив и инклузивен раст. Министрите во Советот донесуваат многу одлуки со цел да ја спроведат стратегијата во пракса.*



**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА НА СОВЕТОТ**

| година | јануари - јуни | јули – декември |
|---|---|---|
| 2012 | Данска | Кипар |
| 2013 | Ирска | Литванија |
| 2014 | Грција | Италија |
| 2015 | Летонија | Луксембург |
| 2016 | Холандија | Словачка |
| 2017 | Малта | Обединетото Кралство |
| 2018 | Естонија | Бугарија |
| 2019 | Австрија | Романија |
| 2020 | Финска | |

Секој министер во Советот има моќ да ја обврзе својата влада. Исто така, секој министер во Советот одговара пред избраните национални власти. На тој начин се обезбедува демократски легитимитет на одлуките на Советот.

Советот има пет клучни надлежности:

1. Да усвојува европски закони. Во повеќето области, тој донесува закони заедно со Европскиот парламент.

2. Да ги координира одделните политики на земјите-членки, на пример, во областа на економијата.

3. Да ја развива надворешната и безбедносна политика на ЕУ врз основа на насоките утврдени од страна на Европскиот совет.

4. Да склучува меѓународни договори меѓу ЕУ и една или повеќе држави или меѓународни организации.

5. Да го усвојува буџетот на ЕУ, заедно со Европскиот парламент.

Работата на Советот е детално опишана подолу во текстот.

#### 1. ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОНИ

Голем дел од законите се усвојува заеднички од страна на Советот и Парламентот. Општо правило е дека Советот дејствува по предлози на Комисијата, а таа пак вообичаено ја носи одговорноста за правилното спроведување на законите на ЕУ, веднаш по нивното усвојување.

#### 2. КООРДИНАЦИЈА НА ПОЛИТИКИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ (ПРИМЕР: ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА)

Сите земји-членки се дел од Економската и монетарна унија (ЕМУ), иако некои од нив не ѝ припаѓаат на еврозоната. Во рамките на ЕМУ, економската политика на ЕУ е заснована врз тесната координација на националните економски политики. Оваа координација ја вршат министрите за економија и финансии што заедно го формираат Советот за економски и финансиски прашања (Екофин).

#### 3. ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА (ЗНБП)

Утврдувањето и спроведувањето на надворешната и безбедносна политика на ЕУ се во ексклузивна надлежност на Европскиот совет и Советот, кој дејствува едногласно. Надлежноста за нејзината реализација во практиката е во рацете на Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика и земјите-членки што се среќаваат во рамките на Советот за надворешни работи.

#### 4. СКЛУЧУВАЊЕ МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Секоја година Советот склучува (со други зборови: официјално потпишува) голем број договори меѓу Европската Унија и земји што не се дел од ЕУ, како и меѓународни организации. Овие договори опфаќаат општи области, какви што се трговијата, соработката и развојот, или пак специфични теми, како текстилот, рибарството, науката и технологијата, транспортот итн. За склучувањето на овие договори е потребна согласност од Европскиот парламент во областите во кои Парламентот има моќ на соодлучување.

#### 5. ОДОБРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕУ

За годишниот буџет на ЕУ заеднички одлучуваат Советот и Европскиот парламент. Доколку овие две институции не можат да се усогласат, се користат постапките на помирување сè додека не се одобри буџетот.

### Постојат 10 различни конфигурации на Советот:

*Под Претседателство на Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика:*

- *Надворешни работи*

*Под Претседателство на земјата-членка што го Претседателствува Советот:*

- *Општи прашања*
- *Економски и финансиски прашања*
- *Правда и внатрешни работи*
- *Вработување, социјална политика, здравство и права на потрошувачите*
- *Конкурентност (внатрешен пазар, индустрија, истражување и вселена)*
- *Транспорт, телекомуникации и енергија*
- *Земјоделство и рибарство*
- *Животна средина*
- *Образование, млади, култура и спорт*

## Како работи Советот?

Сите дискусии и гласања за законски акти на Советот се јавни. Овие состаноци може да се следат во живо преку веб-страницата на Советот.

Советот за општи работи ја следи генералната конзистентност на работата на разните конфигурации на Советот. Тој следи какви активности се презимаат по секој од состаноците на Европскиот совет. Неговата работа е потпомогната од страна на Комисијата за постојани претставници („Корепер" – од француски: „Comité des Représentants Permanents").

Корепер е составен од постојаните претставници на владите на земјите-членки во ЕУ. Во Брисел секоја земја-членка на ЕУ има тим („Постојано претставништво"), кој ја претставува земјата и ги застапува нејзините национални интереси на ниво на ЕУ. Шеф на секое претставништво, всушност, е амбасадорот на одредената земја во ЕУ. Овие амбасадори на неделна основа имаат средби во рамките на Корепер.

Улогата на Корепер е да ја подготвува работата на Советот, со исклучок на прашањата поврзани со земјоделството, на кои работи Специјалната комисија за земјоделство. На Корепер му помагаат повеќе работни групи што се составени од претставници на националните администрации.

## Колку гласови има секоја земја-членка?

Одлуките во Советот се донесуваат по пат на гласање. Во моментов Советот одлучува со квалификувано мнозинство, освен тогаш кога спогодбите бараат поинаква постапка, како на пример едногласност во областите како што се оданочувањето и надворешната политика. Според квалификуваното мнозинство, колку што е поголем бројот на населението на една земја-членка, толку таа има повеќе гласови, иако системот е приспособен да им дава пропорционална моќ на земјите со помал број жители.

Хрватска ќе има седум гласа откако ќе влезе во Европската Унија во 2013 година. Во 2014 сегашниот метод за гласање со квалификувано мнозинство ќе биде заменет со нов метод – гласање со двојно мнозинство. Усвојувањето на еден закон на ЕУ од страна на Советот ќе бара мнозинство и од земјите-членки на ЕУ (55%) и од населението на ЕУ (65%). На тој начин до израз ќе дојде легитимитетот на ЕУ како унија и на народи и на нации. Донесувањето на законите на ЕУ ќе стане потранспарентно и поуспешно. Тоа ќе биде надополнето со нов механизам, според кој најмалку четири земји-членки, претставувајќи најмалку 35% од населението на ЕУ, ќе можат да блокираат одредена одлука. Во случаите кога ќе се користи овој механизам, Советот ќе мора да стори сè што е во негова моќ за да постигне соодветно решение во разумен временски рок.

| ГЛАСОВИТЕ ПО ЗЕМЈА ВО СОВЕТОТ | |
|---|---|
| Германија, Франција, Италија, Обединетото Кралство | 29 |
| Шпанија, Полска | 27 |
| Романија | 14 |
| Холандија | 13 |
| Белгија, Република Чешка, Грција, Унгарија, Португалија | 12 |
| Австрија, Бугарија, Шведска | 10 |
| Данска, Ирска, Литванија, Словачка, Финска | 7 |
| Кипар, Естонија, Летонија, Луксембург, Словенија | 4 |
| Малта | 3 |
| Вкупно | 345 |
| Број на гласови за квалификувано мнозинство | 255 |

## Генерален секретаријат на Советот

Генералниот секретаријат на Советот му помага и на Европскиот совет со неговиот Претседател и на Советот со неговите ротирачки Претседателства. Него го управува Генерален секретар, кој е назначен од страна на Советот.

### Што е „зајакната соработка"?

*Доколку некои земји-членки сакаат повеќе да соработуваат во рамките на одредени политики што не се под ексклузивна надлежност на ЕУ, а не можат да ја добијат согласноста од сите други земји-членки, тогаш механизмот на „зајакната соработка" им овозможува да го сторат тоа. Овој механизам им овозможува на најмалку девет земји-членки да ги искористат институциите на ЕУ за постигнување потесна соработка. Меѓутоа, постојат одредени услови: оваа соработка мора да ги унапредува целите на Унијата и мора да биде отворена за сите други земји-членки што сакаат да се приклучат.*

*Оваа постапка се користи од страна на повеќе земји за Законот за развод, овозможувајќи им да најдат заеднички решенија на паровите од различни земји на ЕУ што сакаат да се разведат во границите на ЕУ. Се користи и за единствениот патентен систем, кој ги вклучува повеќето, но не сите земји-членки на ЕУ.*

## Еврогрупата

Сите земји-членки учествуваат во Економската и монетарна унија (ЕМУ), што значи дека тие го координираат



создавањето на своите политики, а на економските одлуки гледаат како на работа што ги засегнува сите подеднакво. Но сите земји-членки не ѝ се приклучија на еврозоната и не ја прифатија единствената валута – еврото. Некои од нив одлучија во моментов да не ѝ пристапат на еврозоната, додека пак, други земји сè уште ги подготвуваат своите економии за да ги исполнат критериумите за членство во еврозоната. Земјите-членки на еврозоната треба тесно да соработуваат. Тие подлежат на единствената монетарна политика што ја спроведува Европската централна банка. Оттаму, на земјите-членки на еврозоната им е потребен форум за да дискутираат и да одлучуваат за политиките што се однесуваат на еврозоната. А тоа не може да се прави во рамките на Советот за економски и финансиски работи (Екофин) бидејќи тој ги опфаќа сите земји-членки.

Решението за оваа ситуација е Еврогрупата, која се состои од министрите за економија и финансии од земјите-членки на еврозоната.



© Associated Press / Reporters

*Новите правила на ЕУ за економско и финансиско владеење помагаат во расчистувањето и зајакнувањето на банкарскиот сектор.*

Еврогрупата дејствува во правец на поддршка на економскиот раст и финансиската стабилност во еврозоната по пат на координација на економските политики. Со оглед на тоа дека единствено Екофин може формално да ги донесува одлуките за економските прашања, Еврогрупата одржува неформални средби еден ден пред состаноците на Екофин, околу еднаш месечно. Следниот ден, на состанокот на Екофин се донесуваат формалните одлуки што претходниот ден биле договорени на собирот на Еврогрупата од страна на членките на Еврогрупата. За прашањата поврзани со Еврогрупата гласаат само министрите од земјите-членки на еврозоната. Комесарот за економски и монетарни работи и еврото и Претседателот на Европската централна банка, исто така, присуствуваат на состаноците на Еврогрупата.

Членките на Еврогрупата избираат Претседател со мандат од две и пол години. Генералниот секретаријат на Советот ја обезбедува административната поддршка за состаноците на Еврогрупата.

## Заедничката надворешна и безбедносна политика

Европската Унија постепено ја развива заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП), која во споредба со другите политики подлежи на разни постапки. ЗНБП е дефинирана и се спроведува заеднички од страна на Европскиот совет и Советот. Пошироките меѓународни цели на Унијата се: унапредување на демократијата, владеење на правото, човековите права и слободи, почит кон човечкото достоинство и принципите на еднаквост и солидарност. За да ги постигне овие цели, ЕУ развива односи и партнерства со други земји и организации од целиот свет.

Одговорностите за ЗНБП се следниве:

- Европскиот совет, под раководство на Претседателот, ја утврдува заедничката надворешна и безбедносна политика земајќи ги предвид стратегиските интереси на Унијата, вклучувајќи и прашања што се поврзани со одбраната.
- Потоа Советот, пред сè Советот за надворешни работи, ги донесува одлуките што се неопходни за дефинирање и спроведување на ЗНБП согласно со насоките на Европскиот совет. Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика го води состанокот на Советот за надворешни работи.
- Потоа Високиот претставник заедно со земјите-членки е одговорен за доследното и успешно спроведување на ЗНБП. За таа цел, тој или таа може да користи национални средства или средства на Унијата.



© Matteis/ LookatSciences/Reporters

*Спроведувачите на законот во земјите на ЕУ мораат да соработуваат во борбата против меѓународниот криминал.*

Европската служба за надворешни работи (ЕЕАС) служи како министерство за надворешни работи и дипломатска служба на Унијата. Високиот претставник е шеф на оваа служба, која е составена од експерти на Советот, на земјите-членки и на Европската комисија. ЕУ има делегации во повеќето земји во светот и сите тие се дел од ЕЕАС. Делегациите на ЕУ тесно соработуваат со националните амбасади на земјите-членки на ЕУ за прашања поврзани со ЗНБП.

Прашањата што се важни за ЗНБП може да бидат покренати пред Советот од страна на која било земја-членка или од страна на Високиот претставник во негово/нејзино име или заедно со Комисијата. Ако се има предвид итниот карактер на некои од прашањата поврзани со ЗНБП, постојат механизми што овозможуваат брзо донесување одлуки. Вообичаено, одлуките од оваа област се донесуваат едногласно.

Покрај унапредувањето на ЗНБП, Високиот претставник ја претставува и надворешната и безбедносна политика на Унијата низ целиот свет, водејќи политички дијалог со трети земји и партнери и искажувајќи ја позицијата на ЕУ во рамките на меѓународните организации или на меѓународните состаноци. На ниво на шефовите на влади или држави, Унијата ја претставува Претседателот на Европскиот совет.

Еден аспект на ЗНБП се и прашањата за безбедноста и одбраната, во чии рамки ЕУ развива Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП). Целта на оваа политика е да им овозможи на земјите на ЕУ да спроведуваат мисии за справување со кризи. Станува збор за хуманитарни мисии и миротворни или мирнодопски мисии, кои може да бидат од воен или од цивилен карактер. Земјите-членки доброволно ѝ отстапуваат на ЕУ дел од своите сили за извршување на ваквите мисии. Сето тоа се прави во координација со НАТО, чие командни структури понекогаш се користат за практични задачи на мисиите на ЕУ. Одреден број постојани тела на ЕУ ја координираат оваа работа.

- Политичкиот и безбедносен комитет (ПБК) – ја набљудува меѓународната состојба и ги испитува можностите на ЕУ за дејствување за време на кризни ситуации надвор од ЕУ.
- Воениот комитет на Европската Унија (ВКЕУ) – се состои од министрите за одбрана на сите земји на ЕУ. Таа ги раководи воените активности на ЕУ и има советодавна улога за воените прашања.
- Воениот персонал на Европската Унија (ВПЕУ) – се состои од воени експерти што работат во постојаното воено седиште во Брисел и ја потпомагаат работата на ВКЕУ.



# Европската комисија

## Претставување на заедничките интереси

**Улога:** извршна рака на ЕУ што предлага закони и договори за одделните политики и ја промовира Унијата

**Членови:** колеџ на комесари, по еден од секоја земја-членка

**Седиште:** Брисел

▶ **ec.europa.eu**

Комисијата е политички независна институција што ги претставува и ги заштитува интересите на Унијата како целина. Во многу области таа е движечката сила во рамките на институционалниот систем на ЕУ: таа предлага закони, политики и програми и е одговорна за спроведувањето на одлуките на Европскиот парламент и на Советот. Таа, исто така, ја претставува Унијата пред надворешниот свет, со исклучок на заедничката надворешна и безбедносна политика.



© EU

*Како Претседател на Европската комисија, Жозе Мануел Барозо го предводи извршното тело на ЕУ.*

### Што претставува Комисијата?

Терминот „Комисија" се користи на два начини. Прво, тој се однесува на „членовите на Комисијата" – т.е. тимот од мажи и жени што се назначени од страна на земјите-членки и Парламентот за да ја раководат и да донесуваат одлуки. Второ, терминот „Комисија" се однесува на самата институција и на нејзините вработени.

Неофицијалниот назив на членовите на Комисијата е „комесари". Пред да ѝ се приклучат на Комисијата, сите тие имале некакви политички позиции и многумина од нив биле владини министри, но како членови на Комисијата тие се обврзани да ги застапуваат интересите на Унијата во целина, а не да ги следат инструкциите на своите национални влади.

Комисијата има неколку Потпретседатели, меѓу кои е и Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, со што тој/таа има збор и во Советот и во Комисијата.

Комисијата политички е одговорна пред Парламентот, кој има моќ да ја распушти по пат на изгласување недоверба. Комисијата присуствува на сите седници на Парламентот, на кои таа мора да ги разјасни и да ги оправда сите свои политики. Таа редовно одговара на писмени и усни прашања поставени од страна на пратениците во Европскиот парламент.

### Назначувањето на Комисијата

*Комисијата се назначува на секои пет години, шест месеци по изборите за Европскиот парламент. Постапката за назначување е следнава:*

- *Владите на земјите-членки предлагаат нов Претседател на Комисијата, кој мора да биде избран од страна на Европскиот парламент.*
- *Предложениот Претседател на Комисијата, во договор со владите на земјите-членки, ги одбира другите членови на Комисијата.*

*Потоа, новиот Парламент ги интервјуира сите предложени членови и го дава своето мислење за целиот „Колеџ". Доколку добие одобрување, новата Комисија може официјално да ја започне својата работа следниот јануари.*

Секојдневната работа на Комисијата ја извршуваат нејзините административни функционери, експерти, преведувачи, толкувачи и секретарски персонал. Функционерите на Комисијата – слично како и вработените во другите тела на ЕУ – се ангажираат преку Европската канцеларија за селекција на персоналот (ЕПСО): europa.eu/epso. Тие може да потекнуваат од која било земја на ЕУ, и се избираат по пат на отворени конкурси. Во Комисијата работат околу 33.000 лица. Тоа можеби се чини многу, но всушност бројот на нејзините вработени е помал од бројот на вработените во повеќето просечни градски општини во Европа.

## Што прави Комисијата?

Комисијата има четири главни улоги:

1. Да доставува предлог-закони до Парламентот и до Советот.
2. Да ги менаџира и да ги спроведува политиките и буџетот на ЕУ.
3. Да ги спроведува законите на ЕУ (заедно со Судот на правдата).
4. Да ја претставува Унијата во светот.

### 1. ПРЕДЛАГАЊЕ НОВИ ЗАКОНИ

Согласно со Спогодбата за ЕУ, Комисијата има „право на иницијатива". Со други зборови, Комисијата е единствената европска институција што е одговорна за подготвување предлози за нови европски закони, кои ги доставува до Парламентот и до Советот. Овие предлози мора да се стремат кон одбрана на интересите на Унијата и на нејзините граѓани, а не на интересите на одделните земји или индустрии.

Пред да поднесе какви било предлози, Комисијата мора да е запознаена со новите ситуации и проблеми во Европа и мора да размисли дали законите на ЕУ се најдобриот начин за справување со нив. Затоа, Комисијата е во постојан контакт со голем број разновидни интересни групи и со две советодавни тела - Европскиот економско-социјален комитет (составен од претставници на здруженијата на работодавачи и на синдикатите) и Комитетот на регионите (составен од претставници на локалните и на регионалните власти). Таа, исто така, бара мислење и од националните парламенти, владите и широката јавност.

Комисијата предлага активности на ниво на ЕУ само доколку таа смета дека некој одреден проблем не може подобро да се реши со активности на национално, регионално или локално ниво. Овој принцип за справување со нештата на најниското можно ниво се нарекува „принцип на супсидијарност".

Доколку Комисијата заклучи дека е неопходно донесување европски закон, таа подготвува предлог за кој смета дека успешно ќе го реши дадениот проблем и дека ќе задоволи што е можно поголем број интереси. Со цел одделните технички детали на предлозите да бидат точни, Комисијата се консултира со експерти што ги сочинуваат разните комисии и експертски групи.

### 2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ И БУЏЕТОТ НА ЕУ

Како извршно тело на Европската Унија, Комисијата е надлежна за менаџирањето и спроведувањето на буџетот, политиките и програмите на ЕУ што се усвоени од Парламентот и Советот. Поголем дел од работата и трошењето на буџетот го вршат националните и локалните власти, но Комисијата е надлежна за надгледувањето на тој процес.



© Langrock/Zenit/Laif/Reporters

*Иновациите и истражувањето се еден од начините за отворање нови работни места и остварување економски раст во Европа.*

Комисијата го користи буџетот под будното око на Ревизорскиот суд. Целта на двете институции е правилен финансиски менаџмент. Европскиот парламент ѝ дозволува на Комисијата да го користи буџетот само доколку е задоволен од Годишниот извештај на Ревизорскиот суд.

#### Градење европска област за истражување

*Преку Генералниот директорат за истражување, Комисијата ги развива политиките на ЕУ во областа на истражувањето и технолошкиот развој и придонесува за развој на меѓународната конкурентност на европската индустрија. Рамковната програма за истражување и технолошки развој на Комисијата инјектира десетици милијарди евра во мултидисциплинарното научно истражување низ целата Европска Унија и претставува клучен фактор во создавањето на една единствена истражувачка област низ цела Европа.*



### 3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ЗАКОНИ

Комисијата е „**чувар на спогодбите**". Тоа значи дека таа, заедно со Судот на правдата, е надлежна за правилното спроведување на законите на ЕУ во сите земји-членки. Доколку открие дека некоја од земјите на ЕУ не спроведува одреден закон на Унијата и оттаму не ги исполнува нејзините правни обврски, Комисијата презема чекори за да ја поправи ваквата ситуација.

Прво, таа започнува правен процес наречен „прекршочна постапка". Со неа Комисијата ѝ испраќа официјално писмо на засегнатата влада, во кое објаснува зошто смета дека таа земја ги прекршува законите на ЕУ и при тоа одредува рок за доставување детален одговор до Комисијата. Доколку со оваа постапка не се поправат неправилностите, Комисијата доставува известување за дадениот проблем до Судот за правдата, кој пак има моќ да одредува казни. Одлуките на Судот се обврзувачки и за земјите-членки и за институциите на ЕУ.

### 4. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЕУ НА МЕЃУНАРОДНАТА СЦЕНА

Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика е Потпретседател на Комисијата и е надлежен за надворешните работи. За прашањата што се однесуваат на надворешните работи и безбедноста, Високиот претставник соработува со Советот. Комисијата, пак, има водечка улога за другите надворешни прашања – особено во областа на трговската политика и хуманитарната помош. Во овие области Европската комисија дејствува како важен портпарол на Европската Унија на меѓународната сцена. Таа им овозможува на 27-те земји-членки да зборуваат во еден глас на меѓународните форуми каков што е Светската трговска организација.

#### Подадена рака за оние на кои им е потребна помош

*Одделот за хуманитарна помош и граѓанска заштита на Европската комисија (ЕКХО) беше основан во 1992 година. Хуманитарната работа е една од главните активности на Европската Унија во рамките на надворешната политика. Всушност, ЕУ ја има главната светска улога во оваа област.*

*Секоја година околу 150 милиони луѓе добиваат хуманитарна финансиска помош од ЕУ. Оваа помош се испорачува преку 200 партнери, какви што се добротворните организации и агенции на Обединетите нации. Помошта се засновува врз хуманитарните принципи за недискриминација и објективност.*



© EU

*Кетрин Ештон е шефот на надворешната политика на ЕУ и таа ги координира активностите на ЕУ поврзани со преостанатиот дел на светот.*

## Како работи Комисијата?

Претседателот на Комисијата одлучува за распределбата на надлежностите за политиките меѓу одделните комесари, како и за прераспределбата на овие надлежности (доколку е неопходно) во текот на еден мандат на Комисијата. Претседателот, исто така, има право да бара оставка од комесарите. Тимот составен од 27 комесари (познат и како „Колеџот") се среќава еднаш неделно, најчесто секоја среда, во Брисел. Секој од комесарите ја претставува точката на агендата што се однесува на неговата/нејзината политика, а Колеџот донесува заедничка одлука за неа.

Вработените во Комисијата се организирани во оддели, познати како генерални директорати (ГД) и служби (какви што се правната служба и службата за превод). Секој генерален директорат е надлежен за одредена политика – на пример, постојат генерален директорат за трговија и генерален директорат за конкурентност – а нив ги раководи генерален директор, кој одговара пред еден од комесарите.

### Евростат: собирање податоци за Европа

*Евростат е Заводот за статистика на Европската Унија и е дел од Комисијата. Неговата работа се состои во подготвување статистички податоци на европско ниво за потребите на ЕУ, кои овозможуваат вршење споредби меѓу одделните земји и региони. Оваа работа е клучна. Ниту едно демократско општество не може правилно да функционира без цврста основа од веродостојни и објективни статистички податоци.*

*Статистичките податоци на Евростат може да одговорат на многу прашања: дали вработеноста расте или опаѓа? Дали има поголемо испуштање на $CO_2$ во воздухот во споредба со периодот од пред 10 години? Колку жени одат на работа? Какви резултати постигнува економијата во вашата земја во споредба со другите земји-членки на ЕУ?*

▶ **epp.eurostat.ec.europa.eu**

Всушност, генералните директорати ги развиваат и ги подготвуваат законските предлози на Комисијата, кои стануваат официјални во моментот кога Колеџот ќе ги „усвои" на еден од своите состаноци. Постапката изгледа вака:

На пример, да претпоставиме дека Комисијата смета дека е потребно донесување закон на ЕУ за спречување на загадувањето на европските реки. Генералниот директорат за животна средина ќе подготви предлог, заснован врз опширни консултации со европските индустрии и фармери, со министрите за животна средина во земјите-членки и со организациите за заштита на животната средина. Честопати овие предлози се отворени за јавни консултации, со што им се овозможува на индивидуалните лица да го дадат своето лично мислење или да го изразат мислењето на својата организација.

За предложениот закон се дискутира со сите релевантни оддели на Комисијата и доколку е потребно, се прават негови измени. Потоа правната служба го проверува законот.

По финализирањето на предлогот, Генералниот секретар го става предлог-законот на агендата на следниот состанок на Комисијата. На тој состанок Комесарот за животна средина им објаснува на своите колеги зошто се предлага дадениот закон, а потоа се води дискусија за него. Доколку се постигне согласност, Колеџот го усвојува предлогот и документот се испраќа до Советот и до Европскиот парламент на разгледување.

Меѓутоа, доколку комесарите не се согласуваат за доставениот предлог, Претседателот може да побара од нив да гласаат. Доколку мнозинството го прифаќа предлогот, тој се усвојува. Со тоа тој ја добива поддршката од сите членови на Комисијата.



# Националните парламенти

## Спроведување на супсидијарноста

**Улога:** да учествуваат заедно со другите европски институции во работата на Унијата
**Членови:** пратениците во националните парламенти
**Седиште:** сите земји-членки на ЕУ

Институциите на ЕУ постојано ги поттикнуваат националните парламенти поактивно да се вклучуваат во активностите на Европската Унија. Почнувајќи од 2006 година, Комисијата им ги доставува на националните парламенти сите нови предлог-закони и секогаш одговара на сите нивни мислења. Правата и должностите на националните парламенти во рамките на ЕУ се јасно утврдени со Спогодбата од Лисабон од 2009 година. Сега националните парламенти имаат поголема можност за изразување на своето мислење за предлог-законите, како и за сите прашања што се од посебен интерес за нив.

Најголемата новина е новата моќ за спроведување на принципот на **супсидијарност**. Активностите на ЕУ подлежат на принципот на супсидијарност. Тоа значи дека Унијата дејствува само тогаш кога активностите ќе постигнат поголеми резултати на ниво на ЕУ отколку на национално ниво. Тоа се случува во областите во чии рамки ЕУ има ексклузивни надлежности согласно со спогодбите, додека во другите случаи се донесува одлука за секој нов закон. Националните парламенти следат дали овој принцип правилно се спроведува при донесувањето одлуки на ниво на ЕУ.

За да им овозможи на парламентите да вршат контроли врз принципот на супсидијарност, Комисијата ги испраќа своите предлози до националните парламенти во исто време кога и до законодавците на Унијата (т.е. Европскиот парламент и Советот).

Потоа, секој национален парламент може да достави **образложено мислење** ако смета дека дадениот предлог не е во согласност со принципот на супсидијарност. Зависно од бројот на образложените мислења од националните парламенти, Комисијата може да го преиспита својот предлог и да одлучи дали да го задржи, да го приспособи или да го повлече. Оваа постапка се нарекува жолта и портокалова карта. Во случаите кога станува збор за вообичаена законодавна постапка, доколку мнозинството национални парламенти дадат образложено мислење, а Комисијата сепак одлучи да го задржи својот предлог, таа ќе треба да ги објасни своите причини. Одлуката дали да продолжи законодавната постапка е во рацете на Парламентот и на Советот.

Националните парламенти, исто така, се директно вклучени во спроведувањето на законите на ЕУ. Директивите на ЕУ се упатени до националните власти, кои мора да ги вклучат во националното законодавство. Директивите утврдуваат одредени крајни резултати што до одреден датум мора да се постигнат во секоја земја-членка. Националните власти мора да ги адаптираат своите закони со цел да се постигнат овие цели, но на нив останува да одлучат како ќе го направат тоа. Директивите се користат за усогласување на одделните национални закони и најчесто се однесуваат на прашања поврзани со функционирањето на единствениот пазар (на пример, стандардите за безбедност на производите).

# Судот на правдата

## Примена на правото на ЕУ

**Улога:** да одредува правни пресуди за случаите поднесени до него
**Судот на правдата:** еден судија од секоја земја на ЕУ; осум генерални правобранители
**Општ суд:** еден судија од секоја земја на ЕУ
**Трибунал за јавната администрација:** седум судии
**Седиште:** Луксембург
▶ **curia.europa.eu**

Судот на правдата на Европската Унија (Судот) е надлежен да следи дали законите на ЕУ подеднакво се толкуваат и се применуваат во секоја од земјите-членки. Со други зборови, дали законите на ЕУ се идентични за сите страни и во сите услови. За оваа цел, Судот ја проверува правната страна на постапките на институциите на ЕУ, проверува дали земјите-членки ги исполнуваат своите обврски и ги толкува законите на ЕУ по барање на националните судови.

Судот има овластување да ги решава правните спорови меѓу земјите-членки, институциите на ЕУ, бизнисите и поединците. Со цел да се справи со илјадниците случаи што ги добива, Судот е поделен на две главни тела: Суд на правата, кој работи на барањата за прелиминарни пресуди добиени од националните судови, одредени дејства за поништување и жалби, и Општ суд, кој пресудува за сите дејства за поништување, иницирани од страна на поединци и компании, како и некои слични постапки покренати од земјите-членки.

Трибуналот за јавната администрација, кој е специјален трибунал, суди при спорови меѓу ЕУ и нејзините службеници.

### Што прави Судот?

Судот донесува пресуди за случаите што се поднесени до него. Четирите најчести вида случаи се:

**1. ПРЕЛИМИНАРНА ПРЕСУДА**
Судовите во секоја земја-членка на ЕУ се одговорни за правилното спроведување на законите на ЕУ во таа земја. Доколку некој национален суд има каков било сомнеж околу толкувањето или валидноста на законите на ЕУ, тој може, а понекогаш и мора да побара совет од Судот на правдата. Овој совет се дава во форма на обврзувачка „прелиминарна пресуда". Овие пресуди се важен канал за граѓаните да утврдат во колкава мера, преку нивните национални судови, законите на ЕУ влијаат врз нивниот живот.


© ImageGlobe

*Стјуардесите неколку пати извлекоа полза од одлуките на Судот на правдата на ЕУ за еднаква плата и еднакви права.*



**2. ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ**
Комисијата или (многу ретко) одредена земја-членка, може да почнат ваква постапка доколку тие од која било причина сметаат дека одредена земја-членка не ги исполнува своите обврски согласно со законите на ЕУ. Судот ги истражува сите обвинувања и донесува пресуда. Доколку се утврди дека е направен прекршок, обвинетата земја-членка мора да ги поправи нештата без одлагање со цел да ги избегне казните што Судот може да ги примени.

**3. ДЕЈСТВА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ**
Доколку која било од земјите-членки, Советот, Комисијата или (под одредени услови) Парламентот сметаат дека одреден закон на ЕУ е нелегален, тие може да побараат од Судот да го поништи. Оваа „постапка за поништување" може да ја користат и поединци што сакаат Судот да поништи одреден закон бидејќи тој има директни негативни последици врз нив.

**4. ДЕЈСТВА ЗА НЕПОСТАПУВАЊЕ**
Согласно со Спогодбата, Европскиот парламент, Советот и Комисијата треба да донесуваат одредени одлуки под одредени услови. Доколку не го прават тоа, земјите-членки, другите институции на ЕУ и (под одредени услови) поединци или компании, може да достават жалба до Судот за официјално регистрирање на прекршокот.

### Како работи Судот?

**Судот на правдата** е составен од 27 судии, по еден од секоја земја-членка, за да се осигури дека тој ги претставува сите национални правни системи. На Судот му помагаат осум „генерални правобранители", кои даваат мислења за случаите што се поднесени до Судот. Тие мораат тоа да го сторат јавно и објективно. Судиите и генералните правобранители се или поранешни членови на највисоките национални судови или правни експерти што уживаат висок углед и во чија независност нема никаков сомнеж. Нив ги назначуваат владите на земјите-членки по пат на заеднички договор. Секој од нив е назначен со мандат од шест години. Судиите во овој суд избираат Претседател чиј мандат е три години. Судот на правдата може да заседава во целосен состав, како големо заседание од 13 судии или заседанија од пет или три судии, зависно од сложеноста и важноста на случајот. Околу 60 % од случаите ги разгледува Заседанието од пет судии, а 25 % од нив ги разгледува Заседанието од три судии.

Општиот суд, исто така, е составен од 27 судии, назначени од страна на земјите-членки со мандат од 6 години. Судиите во Општиот суд, исто така, избираат Претседател од своите редови со мандат од три години. Овој суд заседава во рамките на заседанија од три или пет судии (понекогаш и само еден судија) за да врши сослушувања. На сослушувањата за околу 80 % од случаите на Општиот суд присуствуваат по тројца судии. Големото заседание од 13 судии или целосниот состав од 27 судии може да заседаваат заедно доколку сложеноста и важноста на случајот го оправдуваат тоа.

Сите случаи се поднесуваат до Регистарот на Судот, при што на секој одделен случај му се доделуваат посебен судија и генерален правобранител. Веднаш по поднесувањето започнува судскиот процес, кој се одвива во две фази: писмена и усна. Во првата фаза сите вклучени страни доставуваат писмени изјави, а судијата што го води случајот подготвува извештај, кој дава резиме на изјавите и ја утврдува правната основа на случајот. Судот дискутира за извештајот на својот општ состанок и одлучува за тоа кој судски состав ќе го сослуша случајот и за тоа дали се потребни усни аргументи. Потоа следува втората фаза – јавното сослушување – кога адвокатите го изнесуваат својот случај пред судиите и генералните правобранители, кои пак можат да поставуваат прашања за нив. По усното сослушување, генералните адвокати назначени за дадениот случај подготвуваат свое мислење. Согласно со ова мислење, судијата подготвува предлог-пресуда, која се доставува до другите судии на разгледување. Потоа судиите дискутираат и ја донесуваат својата пресуда. Судот ги донесува своите пресуди со мнозинско гласање и ги изрекува на јавно сослушување. Во повеќето случаи текстот на пресудата се преведува на сите официјални јазици на ЕУ во ист ден. Издвоените мислења не се вклучени.

Сите случаи не ја следат оваа постапка. За случаите со итен карактер постојат поедноставени и итни постапки што му овозможуваат на Судот да ја донесе пресудата во рок од околу три месеци.

# Европската централна банка

## Обезбедување стабилност на цените

**Улога:** да ги управува еврото и монетарната политика во еврозоната

**Членови:** националните централни банки во еврозоната

**Седиште:** Франкфурт на Мајна, Германија

▶ **www.ecb.europa.eu**

*Марио Драги е Претседател на Европската централна банка од 2011 година.*



© ImageGlobe

Целта на Европската централна банка (ЕЦБ) е да ја одржува монетарната стабилност на еврозоната по пат на ниска и стабилна инфлација на потрошувачките цени. Стабилните цени и ниската инфлација се витални за одржливиот економски раст бидејќи тие ги поттикнуваат компаниите да инвестираат и да создаваат нови работни места – со што го креваат животниот стандард на Европејците. ЕЦБ е независна институција што ги донесува своите одлуки без да бара или да прифаќа инструкции од владите или од другите институции на ЕУ.

### Што прави ЕЦБ?

ЕЦБ беше основана во 1998 година, со воведувањето на еврото, за да ја раководи монетарната политика во еврозоната. Основната цел на ЕЦБ е да ја одржува стабилноста на цените. Стабилноста е дефинирана како стапка на инфлација на потрошувачките цени помалку и блиску до 2% годишно. ЕЦБ дејствува и во правец на поддршка на вработувањето и на одржливиот економски раст во Унијата.

### Како ЕЦБ ја управува стабилноста на цените?

*ЕЦБ ги утврдува каматните стапки за позајмување пари на комерцијалните банки, што пак влијае врз цената и износот на парите во економијата – а оттаму и врз стапката на инфлација. На пример, кога има големо количество пари, стапката на инфлација на потрошувачките цени може да порасне, со што стоките и услугите стануваат поскапи. За да одговори на таа ситуација, ЕЦБ може да ја зголеми цената на трошокот за позајмување пари по пат на зголемување на каматната стапка на нејзините заеми на комерцијалните банки – што го намалува обемот на пари и води кон надолен притисок врз цените. Исто така, кога има потреба од поттикнување на економските активности, ЕЦБ може да ја намали каматната стапка што ја наплаќа за да ги поттикне позајмувањето пари и инвестирањето.*



ЕЦБ ги контролира и ги управува официјалните валутни резерви на членките на еврозоната со цел да ги спроведува своите кредитни активности. Другите нејзини задачи вклучуваат вршење операции за размена на странски валути, промоција на ефикасни платни системи како поддршка на единствениот пазар, одобрување на издавањето евробанкноти од страна на членовите на еврозоната и собирање релевантни статистички податоци од националните централни банки. Претседателот на ЕЦБ ја претставува Банката на сите состаноци на ЕУ на високо ниво, како и на меѓународните состаноци.

### Како работи ЕЦБ?

Европската централна банка е институција на Економската и монетарна унија (ЕМУ) на која ѝ припаѓаат сите земји-членки на ЕУ. Приклучувањето кон еврозоната и прифаќањето на единствената валута – еврото – е финалната фаза на ЕМУ. Сите земји-членки на ЕУ не ѝ припаѓаат на еврозоната: некои од нив сè уште ги подготвуваат своите економии за да можат да ѝ се приклучат, а други земји одлучиле да не ѝ се приклучат. ЕЦБ е во срцето на Европскиот систем на централни банки што ги обединува ЕЦБ и националните централни банки на сите земји-членки на ЕУ. Организацијата на ЕЦБ е одраз на ваквата ситуација што се гледа во постоењето на три главни групи:

- Генерален совет на Европскиот систем на централни банки што ги опфаќа гувернерите на 27-те национални централни банки, заедно со Претседателот и Потпретседателот на ЕЦБ;
- Извршниот одбор на ЕЦБ, кој се состои од Претседателот, Потретседателот и четири други члена – сите назначени од страна на Европскиот совет, кои дејствуваат со квалификувано мнозинство и се со мандат од осум години. Извршниот одбор е одговорен за спроведување на монетарната политика, секојдневните банкарски операции, подготовката на состаноците на Управувачкиот совет, како и за практикување одредени надлежности што му ги доделува Управувачкиот совет.
- Управувачкиот совет на ЕЦБ се состои од шест члена на Извршниот одбор на ЕЦБ и гувернерите на националните централни банки на 17-те земји-членки на еврозоната: заедно тие го формираат Евросистемот. Управувачкиот совет е главното тело на ЕЦБ за донесување одлуки, а одржува состаноци два пати месечно. По правило, на неговиот прв состанок секој месец, Управувачкиот совет ја оценува економската и монетарната состојба и ги донесува своите месечни одлуки во областа на монетарната политика. На неговиот втор состанок, Советот пред сè дискутира за прашања што се однесуваат на други задачи и одговорности на ЕЦБ.



### Економско управување: кој што прави?

*Економската и монетарна унија (ЕМУ) е клучниот елемент на европската интеграција и сите земји-членки на ЕУ се дел од неа. Фискалната политика (даноците и трошењето) се во рацете на одделните национални влади, како и политиките за труд и социјална заштита. Меѓутоа, успешното функционирање на ЕМУ пред сè зависи од координацијата на стабилните јавни финансии и на структурните политики. Надлежностите се поделени меѓу земјите-членки и институциите на ЕУ на следниов начин:*

- ***Европскиот совет** ги утврдува општите политички насоки.*
- ***Советот** го координира процесот на создавање на економската политика на ЕУ и донесува одлуки што може да ги обврзат одделните земји на ЕУ.*
- ***Земјите на ЕУ** ги утврдуваат своите национални буџети во рамките на утврдените ограничувања за дефицит и државен долг, и ги одредуваат своите сопствени структурни политики вклучувајќи работна сила, пензии, социјална заштита и пазари.*
- ***Земјите-членки на еврозоната** ги координираат политиките што се од заеднички интерес за еврозоната на ниво на шефови на држави или влади на „Евросамитот" и на ниво на министрите за финансии во рамките на „Еврогрупата".*
- ***Европската централна банка** ја утврдува монетарната политика на еврозоната, а нејзина примарна цел е стабилноста на цените.*
- ***Европската комисија** следи што прават земјите-членки на ЕУ и издава препораки за одделните политики.*
- *Европскиот парламент ја споделува со Советот задачата за формулирање закони и врши демократска контрола врз процесот на економско раководење.*



# Европскиот ревизорски суд

## Помош за подобрување на финансискиот менаџмент на ЕУ

**Улога:** да провери дали парите на ЕУ се собрани и правилно искористени и да помогне во подобрувањето на финансискиот менаџмент на ЕУ

**Членови:** по еден од секоја земја на ЕУ

**Седиште:** Луксембург

▶ **eca.europa.eu**

Европскиот ревизорски суд (ЕРС) е независна надворешна ревизорска институција на Европската Унија. Тој испитува дали се добиени сите приходи на Унијата, дали сите трошоци се направени законски и според правилата, како и дали било консултирано финансиското раководство за нив. Тој ја врши својата работа независно од другите институции на ЕУ и од владите. На тој начин тој придонесува за менаџирање на парите на Европската Унија во интерес на нејзините граѓани.

### Што прави Европскиот ревизорски суд?

Главната улога на Европскиот ревизорски суд е да испита дали буџетот на ЕУ се користи правилно – со други зборови, дали приходите и трошоците на ЕУ се направени законски и според правилата и дали било консултирано финансиското раководство за нив. Ревизорскиот суд помага во ефикасното и успешно управување на ЕУ. За исполнување на неговите задачи, ЕРС врши детална ревизија на приходите и трошоците на ЕУ на сите нивоа на администрирање со парите на ЕУ. Тој врши проверки на самото место во организациите што ги управуваат со средствата или кај корисниците што ги добиваат средствата, како во земјите-членки на ЕУ, така и во земјите надвор од ЕУ. Неговите наоди се објавуваат во годишни и посебни извештаи со кои им се укажува на Комисијата и на земјите-членки за откриените грешки и слабости, а кои воедно содржат и препораки за подобрување на состојбите.

Другата клучна функција на Европскиот ревизорски суд е да ја потпомогне работата на буџетските власти (Европскиот парламент и Советот), така што им доставува годишен извештај за искористеноста на буџетот на ЕУ во претходната финансиска година. Наодите и заклучоците на ЕРС содржани во овој извештај играат важна улога при одлуката на Парламентот дали да го одобри управувањето на буџетот од страна на Комисијата.

По барање на другите институции на ЕУ, Европскиот ревизорски суд дава свое мислење за новите или за ревидираните регулативи на ЕУ што имаат финансиски влијанија. ЕРС може, по своја иницијатива, да објави документи во кои ги изнесува своите позиции за некои други прашања.



© ImageGlobe

*Ознаките на ушите на кравите им помагаат на ревизорите на ЕУ да го следат трошењето на парите на ЕУ.*

## Како работи Европскиот ревизорски суд?

Европскиот ревизорски суд работи како тело составено од 27 члена, по еден од секоја земја-членка. Членовите се назначени од страна на Советот, по консултација со Парламентот, со мандат од шест години и можност за реизбор. Членовите се одбрани според нивната стручност и независност и тие работат со целосно работно време за ЕРС. Тие го избираат Претседателот од своите редови со мандат од три години.

За да работи успешно, Ревизорскиот суд – како и секоја друга врховна ревизорска институција – мора да биде независен од институциите и телата што се предмет на неговата ревизија. ЕРС може слободно: да ги одбира темите што ќе ги ревидира, специфичната цел и пристапот што при тоа ќе го применува, да одлучува како ќе ги презентира резултатите на избраните ревизии и да одлучи каков публицитет ќе им се даде на неговите извештаи и мислења. Сите овие елементи се важни за неговото независно работење.

Европскиот ревизорски суд е поделен на комори, кои ги подготвуваат извештаите и мислењата што ЕСР ги усвојува. Коморите се поддржани од страна на високи експерти од сите земји-членки на ЕУ. Ревизорите честопати вршат ревизии во другите институции на ЕУ, во земјите-членки и во други земји-корисници на помошта на ЕУ. ЕРС, исто така, тесно соработува со врховните ревизорски институции во земјите-членки. Иако работата на ЕРС најмногу се однесува на буџетот на ЕУ – за кој Комисијата ја сноси генералната одговорност – во практиката, менаџирањето со над 80 % од трошоците се споделува со националните власти.

Европскиот ревизорски суд нема никакви судски овластувања, но тој преку својата работа им укажува на телата на ЕУ што се одговорни за покренување постапка, вклучувајќи ја и Европската канцеларија за борба против измами (ОЛАФ), за неправилностите, слабостите и случаите кога постои сомнеж за сторена измама. Од неговото формирање во 1977 година ЕРС изврши значајно влијание врз финансиското управување на буџетот на ЕУ, преку неговите објективни извештаи и мислења. На тој начин Ревизорскиот суд ја исполнува својата улога на независен чувар на финансиските интереси на граѓаните на Унијата.



# Европскиот економско-социјален комитет

## Гласот на граѓанското општество

**Улога:** да го претставува граѓанското општество
**Членови:** 344 од сите земји-членки на ЕУ
**Седиште:** Брисел
▶ **eesc.europa.eu**

Европскиот економско-социјален комитет (ЕЕСК) е советодавно тело на Европската Унија. Тој е составен од претставници на организациите на работодавците, вработените и на други граѓански организации, пред сè од социјално-економската, граѓанската, професионалната и културната област. Претставувајќи ги општите интереси, Комитетот доставува мислења до Комисијата, до Советот и до Европскиот парламент. Членовите на ЕЕСК не следат никакви задолжителни инструкции и работат за општиот интерес на Унијата. Оттаму, ЕЕСК дејствува како мост меѓу горенаведените институции на ЕУ и граѓаните на ЕУ, притоа промовирајќи општество во кое граѓаните се поактивни и повеќе вклучени во случувањата, т.е. промовирајќи подемократско општество во Европската Унија.

### Што прави ЕЕСК?

Комитетот има три клучни мисии:

- помага за подобро поврзување на европските политики и закони со економските, социјалните и граѓанските состојби на терен, така што ги потпомага Европскиот парламент, Советот и Европската комисија, а воедно ги користи искуството и разновидното потекло на членовите на ЕЕСК, дијалогот и сите вложени напори за да осигури консензус што ќе биде во интерес на сите;
- го поддржува развојот на една поотворена Европска Унија, која е во поблизок контакт со јавното мислење, така што претставува институционален форум што е претставник на организираното граѓанско општество, информира за него, ги изразува неговите ставови и води дијалог со него;
- ги поддржува вредностите врз кои е заснована и напредува европската интеграција, во Европа и низ целиот свет, а кои воедно се причина за постоењето на демократијата и активната демократија, како и улогата на организациите што го претставуваат граѓанското општество.

Европскиот парламент, Советот или Комисијата го консултираат Комитетот за повеќе области опфатени со спогодбите. Бројот на овие области постепено растеше, така што опсегот на активностите на ЕЕСК, со текот на времето, дополнително се зголемуваше. Покрај низата задолжителни консултации, Комитетот може да дава мислења по своја иницијатива тогаш кога смета дека тоа е важно за заштитата на интересите на граѓанското општество. ЕЕСК дава околу 170 мислења годишно, од кои околу 15 се по негова сопствена иницијатива.

Клучна карактеристика на работата на ЕЕСК е неговата сила за градење консензус меѓу неговите членови, кои претставуваат многу разновидни интересни групи – на пример, гради консензус меѓу групи на работодавци и групи што ги претставуваат организациите на работниците. Комитетот е вистинското тело за давање совети за влијанието на предложените нови закони на терен – врз животот на луѓето – и за тоа како одделните закони треба да се приспособат за да ја добијат поддршката на широката јавност. Поддршката на транспарентноста во донесувањето на одлуките во рамките на ЕУ и градењето тесни врски со националните организации на граѓанското општество се исто така важни елементи во работата на Комитетот.

### Како работи ЕЕСК?

Владите на сите земји-членки ги номинираат, а Советот на Европската Унија ги назначува 344-те члена на ЕЕСК со мандат од пет години и можност за реизбор. Членовите се избрани од редовите на економските и социјалните интересни групи на Европа, а по нивното назначување тие работат независно од нивните влади. Членовите на Комитетот меѓусебно се организирани во три групи: работодавачи, работници и други страни. ЕЕСК го избира својот Претседател и двајца Потп3ретседатели со мандат од две и пол години. Членовите на ЕЕСК се среќаваат девет пати годишно на пленарни седници во Брисел, на кои мислењата се усвојуваат со просто мнозинство.



© Associated Press / Reporters

*Планирањето на енергетските ресурси е значајно за сите Европејци, како и за граѓанските организации во Европскиот економско-социјален комитет.*

Подготовките за овие пленарни седници се вршат од страна на шест тематски оддели што ги предводат членови на Комитетот и кои се потпомогнати од страна на Генералниот секретаријат на Комитетот чие седиште е во Брисел. Подолу се наведени тематските оддели и комисии:

- Оддел за економска и монетарна унија и економска и социјална кохезија (ЕКО);
- Оддел за единствен пазар, производство и потрошувачка (ИНТ);
- Оддел за транспорт, енергија, инфраструктура и информатичко општество (ТЕН);
- Оддел за вработување, социјални прашања и граѓанство (СОЦ);
- Оддел за земјоделство, рурален развој и животна средина (НАТ);
- Оддел за надворешни односи (РЕКС);
- Комитет за консултации за индустриски промени (ККИП).

ЕЕСК го следи напредокот на долгорочните стратегии на ЕУ преку таканаречените надзорни и управувачки одбори што ја следат нивната реализација и нивното влијание врз крајните корисници. Овие тела се:

- Надзорен одбор за одржливиот развој;
- Надзорен одбор за пазарот на труд;
- Надзорен одбор за единствениот пазар;
- Управувачки одбор за Европа 2020.

### Односите со економските и социјалните совети

ЕЕСК одржува редовни врски со регионалните и националните економски и социјални совети низ целата Европска Унија. Овие врски пред сѐ вклучуваат размена на информации и заеднички дискусии за специфични прашања на годишно ниво.



# Комитет на регионите

## Гласот на локалните власти

**Улога:** да ги претставува градовите и регионите на Европа

**Членови:** 344 од сите земји-членки на ЕУ

**Седиште:** Брисел

▶ **cor.europa.eu**

Комитетот на регионите (КР) е советодавно тело составено од претставници на регионалните и локалните власти на Европа. Преку него регионите на Европа учествуваат во креирањето на политиките на ЕУ и вршат проверка дали се почитуваат регионалниот и локалниот идентитет. Советот и Комисијата мора да се консултираат со КР за прашањата што ги засегнуваат локалните и регионалните власти, какви што се регионалната политика, животната средина, образованието и транспортот.

### Што прави Комитетот на регионите?

Со оглед на тоа дека три четвртини од законите на ЕУ се спроведуваат на локално или на регионално ниво, сосема разбирливо е локалните и регионалните претставници да учествуваат во подготвувањето на новите закони на ЕУ. Со вклучувањето на избраните локални претставници, кои можеби се најблиску до граѓаните на Европа и до нивните секојдневни грижи, КР претставува сила за градење подемократска и поодговорна ЕУ.

Комисијата и Европскиот парламент се обврзани да се консултираат со КР за законските предлози во областа на политиките што директно влијаат врз локалните и регионалните власти – на пример, граѓанската заштита, климатските промени и енергијата. Кога КР ќе добие законски предлог, неговите членови разговараат за него на пленарни седници, го усвојуваат предлогот со мнозинско гласање и го доставуваат своето мислење. Она што е важно е дека Комисијата и Парламентот не се обврзани да го следат мислењето на КР, меѓутоа тие се обврзани да се консултираат со него. Доколку не се изврши задолжителната консултација во текот на законодавниот процес, КР има право да покрене постапка пред Судот на правдата. КР може и по сопствена иницијатива да понуди мислење за одредени важни прашања.

### Како работи КР?

Членовите на КР всушност се политичари избрани на општинско или на регионално ниво и ги претставуваат сите активности на локалните и на регионалните власти во ЕУ. Тие може да се регионални Претседатели, регионални пратеници, општински советници или градоначалници на големи градови. Сите тие мора да имаат политичка функција во своите земји. Нив ги номинираат владите на ЕУ, но во својата работа тие се целосно политички независни. Советот ги назначува со мандат од пет години и можност за реизбор. КР назначува Претседател од своите редови со мандат од две и пол години.

Членовите на КР живеат и работат во регионите во своите земји. Тие се среќаваат во Брисел пет пати годишно, на пленарни седници на кои се дефинираат одделните политики и на кои се усвојуваат мислењата. Шест специјализирани комитети, составени од членови на КР, а кои покриваат различни политики, ги подготвуваат пленарните седници:

- Комитет за територијална кохезиона политика (КТКП);
- Комитет за економска и социјална политика (КЕСП);
- Комитет за одржлив развој (КОР);
- Комитет за образование, млади и истражување (КОМИ);
- Комитет за животна средина, климатски промени и енергија (КЖСКПЕ);
- Комитет за граѓанство, управување, институционални и надворешни работи (КГУИНР);
- Комитет за природни ресурси (КПР).

Членовите на КР се, исто така, групирани во национални делегации, по една за секоја земја-членка. Постојат и меѓурегионални групи за поддршка на прекуграничната соработка, како и четири политички групации.

# Европскиот Омбудсман

## Разгледување на вашите поплаки

**Улога:** да ги испитува случаите на лошо административно работење

**Седиште:** Стразбур

▶ **ombudsman.europa.eu**

Европскиот Омбудсман ги разгледува поплаките за случаите на лошо или неуспешно административно работење од страна на институциите на ЕУ. Омбудсманот добива и разгледува поплаки од граѓани, лица со престој, бизниси и институции во ЕУ.

### Што прави Омбудсманот?

Омбудсманот е избран од страна на Европскиот парламент со мандат од пет години и можност за реизбор. Со добивањето и разгледувањето на поплаките, Омбудсманот помага во откривање на лошото административно работење во европските институции и другите тела на ЕУ – со други зборови, во случаи кога некоја институција на ЕУ не прави нешто што требало да направи, или тоа го прави погрешно, или прави нешто што не треба да биде направено. Лошото административно работење вклучува:

- неправедност;
- дискриминација;
- злоупотреба на надлежноста;
- недостиг од информации или од недавање информации;
- непотребно одложување;
- неправилни процедури.

Секој граѓанин или жител на земја-членка, како и здружение или бизнис во ЕУ, може да достават поплака до Омбудсманот. Омбудсманот работи само со институциите и телата на ЕУ, а не со поплаки против националните, регионалните или локалните власти или институции. Тој работи целосно независно и објективно и ниту бара ниту прифаќа инструкции од ниедна влада или организација.

Честопати Омбудсманот може едноставно да треба да ја информира засегнатата надлежна институција за доставената поплака за таа самата да го реши проблемот. Доколку случајот не се реши соодветно во текот на неговото истражување, Омбудсманот ќе се обиде, доколку е можно, да најде пријателско решение за да се поправи лошото административно работење и задоволително ќе му одговори на подносителот на поплаката. Доколку и тоа не успее, Омбудсманот може да даде препораки за решавање на случајот. Доколку засегнатата институција не ги прифати неговите препораки, тој може да достави специјален извештај до Европскиот парламент.

Веб-страницата на Омбудсманот содржи практичен водич за начинот на поднесување поплаки.



© ImageGlobe

*Во улога на Омбудсман, Никифорос Дијамандурос ги разгледува поплаките за лошо или неуспешно административно работење во системот на ЕУ.*



# Европски супервизор за заштита на податоци

## Заштита на вашата приватност

**Улога:** да ги заштити личните податоци на граѓаните што ги обработуваат институциите и телата на ЕУ

**Седиште:** Брисел

▶ **edps.europa.eu**

Во текот на нивната работа европските институции може да чуваат и да обработуваат лични информации за граѓаните и жителите на ЕУ во електронски, пишан или визуелен формат. Европскиот супервизор за заштита на податоците (ЕСЗП) е задолжен за заштита на овие лични податоци и на приватноста на луѓето, како и за промовирање на добрата практика на ова поле меѓу институциите и телата на ЕУ.

### Што прави Европскиот супервизор за заштита на податоците?

Употребата на личните податоци на граѓаните – какви што се имињата, адресите, здравствените податоци или историјатот на работните места - од страна на ЕУ е регулирана со строги европски регулативи, а заштитата на овие информации е основно човеково право. Секоја институција на ЕУ има службеник за заштита на податоците што проверува дали се почитуваат одредени обврски – на пример, дали податоците се обработуваат само поради специфични и легитимни причини. Исто така, лицето чии податоци се обработуваат има одредени права, какво што е, на пример, правото да ги коригира податоците. Задача на ЕСЗП е да ги надгледува активностите и системите на институциите на ЕУ за заштита на податоците и да осигури дека тие работат согласно со најдобрите практики. ЕСЗП, исто така, ги разгледува поплаките и води истраги. Другите негови задачи се:

- следење на обработката на личните податоци од страна на администрацијата на ЕУ;
- давање совети за политиките и законите што се однесуваат на приватноста;
- соработка со надлежните органи во земјите-членки со цел да се осигури постојана заштита на податоците.

### Како работи ЕСЗП?

За спроведувањето на секојдневните активности на ЕЗСП се надлежни две посебни одделенија. Супервизорското и извршно одделение оценува дали институциите и телата на ЕУ ги почитуваат правилата за заштита на податоците. Одделението за политика и консултации го советува законодавецот на ЕУ за прашања поврзани со заштитата на податоците во рамките на одделните политики, како и со заштитата на податоците содржани во предлозите за нови закони. ЕСЗП, исто така, ги следи новите технологии што може да имаат влијание врз заштитата на податоците.

Секој оној што смета дека неговите или нејзините права за заштита на податоците биле повредени при обработката на податоци поврзани со него / со неа од страна на некоја институција или тело на ЕУ, може да поднесе поплака до Европскиот супервизор за заштита на податоците. Поплаката мора да се поднесе со доставување на формуларот за поплаки, кој е достапен на веб-страницата на ЕСЗП.

# Европска инвестициска банка

## Инвестирање во иднината

**Улога:** да обезбеди долгорочни финансии за инвестирање во проекти поврзани со ЕУ
**Shareholders:** земјите-членки на ЕУ
**Board of Directors:** по еден од секоја земја-членка и од Комисијата
**Седиште:** Луксембург

▶ **www.eib.org**

Европската инвестициска банка (ЕИБ) е банката на Европската Унија. Таа им припаѓа на земјите-членки, а нејзина мисија е да доделува заеми за инвестиции што ги поддржуваат целите на Унијата – на пример, во областа на енергетските и транспортните мрежи, одржливоста на животната средина и иновациите. ЕИБ се фокусира на зголемувањето на потенцијалите на Европа за вработување и економски раст, поддршката на активностите поврзани со климатските промени, како и на поддршката на политиките на ЕУ надвор од нејзините граници.

### Што прави ЕИБ?

ЕИБ е најголемиот мултилатерален позајмувач и заемодавач, кој обезбедува финансии и експертиза за стабилни и одржливи инвестициски проекти, пред сè во рамките на ЕУ. Линиите вијадукт Мијо и ТГВ во Франција, заштитата од поплави во Венеција, фармите на ветер во Обединетото Кралство, скандинавскиот мост Оресунд, метрото во Атина, чистењето на Балтичко Море се само мал дел од илјадниците проекти што ги финансирала ЕИБ во текот на годините.

ЕИБ не користи пари од буџетот на ЕУ. Таа се финансира по пат на издавање обврзници на светските финансиски пазари. Во 2011 година ЕИБ додели заем во износ од 61 милијарда евра за 450 големи проекти во 78 земји – 54 милијарди евра во земјите-членки на ЕУ и 7 милијарди евра за проекти надвор од ЕУ со фокус на земјите што се во претпристапниот процес, јужните и источните соседи на Европа, Африка, Карибите и Пацификот, како и Латинска Америка и Азија.

ЕИБ е рангирана како ААА-банка. Таа обично доделува заеми во износ од 50 % од проектните трошоци. Во улога на катализатор таа го надополнува кофинансирањето од други извори. За износи од над 25 милиони евра ЕИБ доделува заеми на тела од јавниот или од приватниот сектор, какви што се владите и компаниите. За помалите заеми ЕИБ креира кредитни линии што им се достапни на комерцијалните банки и на други финансиски институции, кои понатаму им нудат заеми од средствата на ЕИБ на малите и на средните претпријатија или на помали проекти што ги спроведуваат позајмувачите од јавниот сектор.

Во рамките на ЕУ, ЕИБ има шест приоритети при доделувањето заеми:

- подобрување на единството и поврзаноста меѓу земјите и регионите на ЕУ;
- поддршка на малите и средните претпријатија (МСП);
- заштита и подобрување на животната средина и на одржливите заедници;
- спроведување економија заснована врз знаење;
- потпомагање на развојот на трансевропски мрежи за транспорт и енергија (ТЕ);
- градење одржливи, конкурентни и безбедни енергетски извори.

### Како работи ЕИБ?

ЕИБ е автономна институција што ги донесува своите одлуки за позајмување и доделување заеми согласно со заслугите на секој проект и можностите што ги нудат финансиските пазари. Банката соработува со другите институции на ЕУ, особено со Европската комисија, Европскиот парламент и Советот на министри.

ЕИБ ги донесува своите одлуки преку следниве тела:




© ImageGlobe

*Изградбата на нови железнички линии се вбројува меѓу проектите кои можат да добијат заеми од Европската инвестициска банка.*

- Одборот на гувернери, кој се состои од министри (вообичаено министрите за финансии) од сите земји-членки. Тој ја дефинира општата кредитна политика.
- Одборот на директори, на чие чело е Претседателот на банката и се состои од 28 члена, од кои 27 се назначени од страна на земјите-членки и еден од страна на Европската комисија. Тој ги одобрува позајмувањата и давањето заеми.
- Менаџерскиот комитет и извршното тело на Банката. Тој ги врши секојдневните работи на ЕИБ.

### Европски инвестициски фонд

*ЕИБ е мнозински акционер во Европскиот инвестициски фонд (ЕИФ), кој ги финансира инвестициите во малите и средните претпријатија (МСП), кои пак опфаќаат 99 % од претпријатијата во ЕУ и вработуваат над 100 милиони Европејци. Често пати, МСП имаат тешкотии да ги обезбедат финансиите што им се неопходни за инвестирање и развој. Тоа особено важи за почетниците и за малите компании што имаат иновативни производи и услуги – тоа се токму оние претприемнички МСП што ЕУ сака да ги охрабри. ЕИФ одговара на овие потреби преку обезбедување инвестициски капитал и инструменти за финансирање ризици (чиј износ е неколку милијарди евра годишно), а тоа понекогаш го прави во партнерство со Европската комисија, комерцијалните банки и други кредитори.*

▶ **www.eif.org**

# Агенциите на ЕУ

Постојат неколку специјализирани агенции на Европската Унија што им даваат информации или совети на институциите на ЕУ, на земјите-членки и на граѓаните. Секоја од овие агенции има посебни технички, научни или менаџерски задачи. Агенциите на ЕУ може да се групираат во неколку категории.

- Децентрализирани агенции
  Агенциите се регулирани во рамките на јавното европско право, но тие се разликуваат од институциите на ЕУ (Советот, Парламентот, Комисијата итн.) и имаат свој сопствен правен идентитет. Тие имаат канцеларии во разни градови низ Европа, поради што честопати се нарекуваат „децентрализирани" тела. Тие можат да спроведуваат задачи од правна или од научна природа. На пример, Службата за растителна разновидност во Заедницата во Анжер, Франција, со која се утврдуваат правата за нови видови растенија, или Европскиот центар за следење на дрогите и на зависноста од дроги во Лисабон, Португалија, која анализира и дистрибуира информации за дрогите и за зависноста од нив.

  Постојат три супервизорски тела што помагаат во спроведувањето на правилата за финансиските институции и оттаму ја заштитуваат стабилноста на финансискиот систем на Европа. Тоа се Европските банкарски власти, Европските власти за осигурување и работни пензии и Европскиот регулатор за хартии од вредност и пазари.

  Други агенции им помагаат на земјите-членки на ЕУ да соработуваат во борбата против организираниот меѓународен криминал. Пример за таква агенција е Европол, со седиште во Хаг во Холандија. Европол обезбедува заедничка платформа за службениците што се надлежни за спроведување на законот во одделните земји на ЕУ. Тие си помагаат едни на други при идентификацијата и следењето на најопасните криминални и терористички мрежи во Европа.

  Постојат три агенции што спроведуваат мошне специфични задачи во рамките на заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија. Една од тие агенции е Сателитскиот центар на Европската Унија Торехон де Ардос во Шпанија – таа користи информации од сателитите за набљудување на Земјата, кои го потпомагаат процесот на донесување одлуки во ЕУ во областа на надворешните и безбедносни работи.

- Агенции и тела на Евроатом
  Овие тела работат во рамките на Спогодбата за Европската атомска енергетска заедница (Евроатом) со цел да ги координираат истражувањата во земјите на ЕУ за мирнодопската употреба на нуклеарна енергија и да осигурат дека изворите на атомска енергија се и доволни и сигурни.

- Извршни агенции
  Извршните агенции обезбедуваат практично управување на програмите на ЕУ, на пример, разгледување на апликациите за грантови од буџетот на ЕУ. Тие се основани со одреден временски рок и мора да се сместени во истото седиште како и Европската комисија - Брисел или Луксембург. Еден пример е Европскиот совет за истражувања, кој ги финансира основните истражувања што ги вршат групи на научници од ЕУ.



© ImageGlobe

*Безбедноста на нашата храна мора да се контролира низ цела Европа – координацијата на оваа активност е задача типична за една од агенциите на ЕУ.*



- Агенција за соработка меѓу енергетските регулатори (АСЕР)
- Канцеларија на телото за европски регулатори на електронските комуникации (КТЕРЕК)
- Служба за растителната разновидност во Заедницата (СРРЗ)
- Извршна агенција за образование, аудиовизуелна политика и култура (ИАОАПК)
- Извршна агенција за конкурентност и иновации (ИАКИ)
- Агенција на Евроатом за набавки (АЕН)
- Европска агенција за соработка во областа на оперативното управување на надворешните граници на земјите-членки на ЕУ (ФРОНТЕКС)
- Европска агенција за оперативно управување на големи компјутерски системи во областа на слободата, безбедноста и правдата (компјутерска агенција)
- Европска агенција за безбедност при работата и заштита при работата (ЕАБЗР)
- Европска канцеларија за азил (ЕКА)
- Европска агенција за безбедност на воздушниот сообраќај (ЕАБВС)
- Европски банкарски власти (ЕБВ)
- Европски центар за контрола и за превенција од болести (ЕЦКПБ)
- Европски центар за развој на стручната обука (ЕЦРСО)
- Европска агенција за хемикалии (ЕАХ)
- Европска агенција за одбрана (ЕАО)
- Европска агенција за животна средина (ЕАЖС)
- Европска агенција за контрола на риболовот (ЕАКР)
- Европска управа за безбедност на храната (ЕУБХ)
- Европска фондација за подобрување на животните и на работните услови (ЕФПЖРУ)
- Европска агенција за европскиот систем за глобална сателитска навигација (ЕАЕСГСН)
- Европски институт за родова еднаквост (ЕИРЕ)
- Европски институт за иновации и технологија (ЕИИТ)
- Европски власти за осигурување и работни пензии (ЕВОРП)
- Европско здружение за ИТЕР и за развој на фузиона енергија
- Европска агенција за безбедност на поморскиот сообраќај (ЕАБПС)
- Европска агенција за лекови (ЕАЛ)
- Европски центар за следење на дрогите и на зависноста од дроги (ЕЦСДЗД)
- Европска агенција за мрежна и информациска безбедност (ЕАМИБ)
- Колеџ за европска полиција (КЕПОЛ)
- Европска полициска агенција (ЕВРОПОЛ)
- Европска агенција за железнички сообраќај (ЕАЖС)
- Извршна агенција на Европскиот совет за истражување (Извршна агенција на ЕСИ)
- Европски регулатор за хартии од вредност и пазари (ЕРХВП)
- Европска фондација за обука (ЕФО)
- Европска агенција за основните права (ЕАОП)
- Европски институт за студии по безбедност (ЕИСБ)
- Сателитски центар на Европската Унија (СЦЕУ)
- Европско тело за зајакнување на судската соработка (Европравда)
- Извршна агенција за јавно здравство и потрошувачи (ИАЈЗП)
- Канцеларија за усогласување на внатрешниот пазар (заштитни знаци и ознаки) (КУВП)
- Извршна канцеларија за истражувања (ИКИ)
- Извршна канцеларија за трансевропската транспортна мрежа (ИК ТТМ)
- Центар за превод за телата на Европската Унија (ЦПТЕУ)

Сите агенции може да се најдат на следната веб-страница
▶ **europa.eu/agencies/index_en.htm**

# Како да стапите во контакт со ЕУ?

■ **НА ИНТЕРНЕТ**

Информации на сите официјални јазици на Европската Унија се достапни на интернет-страницата Europa: **europa.eu**

■ **ПОСЕТЕТЕ НÈ ЛИЧНО**

Низ цела Европа постојат стотици локални информативни центри на ЕУ. Адресата на најблискиот информативен центар можете да ја најдете на интернет-страницата: **europedirect.europa.eu**

■ **ЈАВЕТЕ НИ СЕ ИЛИ ОБРАТЕТЕ НИ СЕ ПИСМЕНО**

**Europe Direct** е службата што ќе ви даде одговор на вашите прашања за Европската Унија. Со оваа служба можете да стапите во контакт на бесплатниот телефонски број **00 800 6 7 8 9 10 11**, или на **+32 2 299 96 96** за повици надвор од ЕУ што се наплатуваат, или со електронска пошта преку интернет-страницата: **europedirect.europa.eu**

■ **ЧИТАЈТЕ ЗА ЕВРОПА**

Публикациите за Европската Унија ви се на дофат на интернет- страницата на Книжарницата на ЕУ: **bookshop.europa.eu**

**Информативен центар на Европската Унија**
М.Х.Јасмин 52в, 1000 Скопје
Тел./Факс. 02/3296-363
Интернет: www.euic.mk
E-mail: euinfo@euic.mk

**Делегација на Европската Унија**
М.Х.Јасмин 52в, 1000 Скопје
Тел. 02/3248 500
Факс. 02/3248 501
www.eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia
e-mail: delegation-fyrmacedonia@eeas.europa.eu

**ЕУ Инфо точка Битола**
Општина Битола
Општински информативен центар
Адреса: бул. "1 Мај" бб, 7000 Битола
Тел. (++389 047) 208336
e-mail: bitola@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка Велес**
Општина Велес
Адреса: ул. "Панко Брашнар" бр. 1, 1400 Велес
Тел. (++389 043) 232 406 лок. 226
e-mail: veles@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо Точка Гостивар**
Општина Гостивар
Општински информативен центар
Адреса: Бул. "Браќа Ѓиновски" бр. 61, 1230 Гостивар
Тел. (++389 042) 218-167
e-mail: gostivar@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо Точка Кавадарци**
Општина Кавадарци
Адреса: "Маршал Тито" бб, 1430 Кавадарци
Тел. (++389 043) 400217
(++389 043) 456107
e-mail: kavadarci@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка Кочани**
Општина Кочани
Општински информативен центар
Адреса: "Раде Кратовче" 1, 2300 Кочани
Тел. (++389 033) 279554
e-mail: kocani@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка Куманово**
Општина Куманово
Општински информативен центар
Адреса: "11 Октомври" бб 1300 Куманово
тел/факс: (++ 389 031) 475 800
(++ 389 031) 475817
(++ 389 031) 432 650
e-mail: kumanovo@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо Точка Тетово**
Општина Тетово
Адреса: ул. Дервиш Кара бб
1200 Тетово
Тел.070 548 576
e-mail: tetovo@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка во Националната и универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски"**
Адреса: бул. Гоце Делчев бр. 6, 1000 Скопје
Тел. (++ 389 02) 3226 846
e-mail: nul@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка во Гевгелија**
Адреса: Ул. "Димитар Влахов" 4,
Тел. 034 213 843
1480 Гевгелија
e-mail: gevgelija@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка во Охрид**
Адреса: Ул. "Димитар Влахов" 57,
Тел. 046 230 175
6000 Охрид
e-mail: ohrid@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка во Дебар**
Адреса: Ул. "8ми Септември" бб,
Тел. 046 831 196
1250 Дебар
e-mail: debar@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка во Струмица**
Адреса: "Благој Мучето" 26,
Тел. 034 349 040
2400 Струмица
e-mail: strumica@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка во Крива Паланка**
Адреса: "Св. Јоаким Осоговски" 175,
Тел. 031 375 035
1330 Крива Паланка
e-mail: krivapalanka@euinfopoint.mk

**EU*i* – ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ**
Адреса: Економски факултет, универзитет "Св. Кирил и Методиј"
бул. "Крсте Мисирков" бб 1000 Скопје
Тел. (++389 02) 3286 835
Тел. (++389 02) 3286 860
e-mail: eui-sk@eccf.ukim.edu.mk

**EU*i* – Факултет за администрација и управување со информатички системи, Битола**
Адреса: Факултет за администрација и управување со информатички систем, Универзитет "Св. Климент Охридски", "Партизанска" бб 7000 Битола
Тел. (++389 047) 259923
Факс. (++389 047) 259 917
e-mail: eui-bt@famis.edu.mk

**EU*i* – Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово**
Адреса: Универзитет на Југоисточна Европа, "Илинденска" бб
1200 Тетово
Тел. (++389 044) 356205
Факс. (++389 044) 356 001
e-mail: eui-te@seeu.edu.mk

# Европската Унија




Земјите-членки на Европската Унија (2012)

Земји-кандидатки и потенцијални кандидатки

MK-31-13-851-MK-C

Европската Унија (ЕУ) е уникатна. Таа не е федерална држава како Соединетите Американски Држави, бидејќи нејзините членки се независни суверени држави. Но таа не е ниту меѓувладина организација како Обединетите нации, бидејќи нејзините земји-членки ѝ отстапуваат дел од својот суверенитет и на тој начин стекнуваат поголема колективна сила и влијание од онаа што би ја имале кога би дејствувале самостојно.

Тие отстапуваат дел од својот суверенитет по пат на донесување заеднички одлуки преку заедничките институции, какви што се Европскиот парламент, кој е избран од страна на граѓаните на ЕУ, и Европскиот совет и Советот, кои ги претставуваат националните влади. Земјите-членки донесуваат одлуки врз основа на предлози на Европската комисија, која пак ги претставува интересите на ЕУ како целина. Но што прави секоја од овие институции? Како тие соработуваат меѓу себе? Кој е надлежен за што?

Оваа брошура нуди одговори на овие прашања на јасен и едноставен јазик. Таа, исто така, дава краток преглед на агенциите и на другите тела што се вклучени во работата на Европската Унија. Целта е да ви се понуди корисен водич низ процесот на донесувањето на одлуките во ЕУ.



Канцеларија за публикации

ISBN 978-92-79-29386-3
doi:10.2770/10555